# АНАЛИЗА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОГРАМИ ОД РОДОВ АСПЕКТ

## ПАРЛАМЕНТАРНИ И ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ 2024

Скопје, 2024

РЕАКТОР
истражување во акција

# АНАЛИЗА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОГРАМИ ОД РОДОВ АСПЕКТ

## ПАРЛАМЕНТАРНИ И ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ 2024

**Издавач:**
Реактор – Истражување во акција

**За издавачот:**
Тања Иванова

## Услови на користење

© 2024. Овој извештај е лиценциран под CC BY-NC-SA 4.0 license

**Бесплатен/некомерцијален примерок**

Овој материјал е целосно или делумно финансиран од Шведска и Фондацијата Квина тил Квина. За содржината на овој документ целосно е одговорен Реактор – Истражување во акција и во никој случај не ги рефлектира позициите на Шведска и Квина тил Квина.

# СОДРЖИНА

Вовед........................................................................................................ 4
Анализа на програма на ВМРО-ДПМНЕ ....................................................... 8
(Коалиција „Твоја Македонија“) ................................................................... 8
Анализа на програмата на СДСМ ................................................................ 19
(Коалиција „За европска иднина“)................................................................ 19
Анализа на програма na Коалиција ВЛЕН .................................................... 31
Анализа на програмата на ЛЕВИЦА............................................................. 35
Заклучни согледувања по однос на политичките програми за парламентарните избори.................................................................................. 43
Краток осврт на политичките програми на кандидатите кои влегоа во вториот круг на претседателските избори 2024 година ............................ 52
Анекс: Преглед на клучни мерки и нивното споменување во последните три парламентарни изборни циклуси (2016-2024 г.) ................................... 56

# ВОВЕД

Оваа родова анализа претставува обид за објективна оцена на програмите на политичките партии и изборни коалиции за парламентарните и претседателските избори во 2024 година, во однос на родовата перспектива, поконкретно застапеноста на жените и родовата еднаквост низ заложбите во програмите, како и предложените мерки за унапредување на социо-економската положба на жените.

***Зошто анализа од овој тип и која е нејзината цел?***
Една од клучните компоненти за интеграција во Европската унија (ЕУ) е процесот на демократизација на општеството, и тоа токму преку подобрување на општествената положба на жените и маргинализираните групи. Земајќи ги предвид критериумите за членство во ЕУ, ваквиот процес на демократизација, со акцент на родовата еднаквост и женските прашања, бара правно-политички ангажмани и механизми кои ќе ја гарантираат рамноправноста во општеството, како и нивна соодветна имплементација.

Токму поради тоа, во рамки на програмата ЕУ Застапување, со посебен фокус на женски права и родова еднаквост, поддржана од Фондацијата Квина тил Квина, на која Реактор – истражување во акција работи речиси една деценија, континуирано ги анализираме изборните програми на политичките партии со цел да дадеме осврт на родовиот аспект во истите. Вклученоста на родовата перспектива во политичките програми е показател за севкупната заложба на партиите за унапредување на родовата еднаквост и создавање фер и еднакво општество.

Крајната цел на нашите напори е да ја подигнеме свеста за неопходноста од поголема вклученост на жените во политиката, како и родовите прашања и прашањата за женски права како неизоставен аспект од политичкиот, економскиот и социјалниот живот, бидејќи само на овој начин може да креираме подобри родово информирани политики и програми, да влијаеме на поуспешна и соодветна имплементација на националното законодавство и стратешките документи поврзани со родовата еднаквост и правата на жените, а со тоа и да овозможиме и општо подобрување на животите на жените и мажите, девојчињата и момчињата.

***Точки во фокус***

Имајќи ги предвид степенот и различните форми на дискриминација со кои жените се соочуваат (за што сведочат и официјалните статистички и административни податоци[1][2] и истражувањата на Реактор[3][4][5] и на други организации од граѓанскиот сектор и институции), како и општиот контекст и состојбата со родовата еднаквост во државата, покрај прегледот на општите термини како родова еднаквост/рамноправност и/или женски права, оваа анализа се обидува да мапира и дали во рамки на политичките програми се вклучени мерки за: економско јакнење на жените, справување со родово базирано насилство и насилство врз жените, вклучување на жените на позиции на моќ и во носење одлуки, сексуални и репродуктивни права, како и инклузивност во образованието.

Притоа, неопходно е да се напомене дека анализираните политички програми на поголемите коалиции и политички партии кои освоија мандати во Парламентот[6] на овие избори се осврнуваат на различни општествени сфери, како што се дигитализацијата, доброто владеење, економијата, енергетиката, здравството, земјоделството, инфраструктурата, образованието, правдата, пристапувањето кон ЕУ, политичките системи и социјалните политики. Во сите овие сфери родовата еднаквост треба да се третира како хоризонтално прашање и истото треба да биде опфатено со конкретни мерки и предлози за подобрување на состојбите и учеството на жените во политичкиот, приватниот и јавниот живот, што на долг рок би овозможило и придвижување кон поправедно општество што нуди еднаков пристап до сите услуги и добра и ги зема предвид правата и потребите на сите граѓани и граѓанки без оглед на нивните различности. Сепак, не сите програми, ниту пак сите опфатени сфери на делување и живеење се родово сензитивни и не сите вклучуваат родова перспектива за конкретните области и предлози. Оттаму, оваа анализа подетално ги разгледува само оние изборни програми и делови од изборните програми во кои се зема предвид родовата компонента и нудат содржина што дозволува да се направи подетална анализа.

1 Државен завод за статистика, 2023, Жените и Мажите во Северна Македонија, 2023, достапно на: https://www.stat.gov.mk/publikacii/2023/ZeniteMazite_2023.pdf

2 Државен завод за статистика, 2022, Индекс на родова еднаквост за Северна Македонија 2022, достапно на: https://www.stat.gov.mk/publikacii/2023/Gender-Index-2022_MK-web.pdf

3 Реактор - Истражување во акција, 2022, РОДОВО-БАЗИРАНА ДИСКРИМИНАЦИЈА И РАБОТНИЧКИ ПРАВА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (II), достапно на: https://reactor.org.mk/publication-all/%d1%80%d0%be%d0%b4%d0%be%d0%b2%d0%be-%d0%b1%d0%b0%d0%b7%d0%b8%d1%80%d0%b0%d0%bd%d0%b0-%d0%b4%d0%b8%d1%81%d0%ba%d1%80%d0%b8%d0%bc%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%b8-%d1%80%d0%b0%d0%b1-2/

4 Реактор - Истражување во акција, 2023, ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИКАТА 2: ПАТОТ ДО ПОЛИТИЧКИТЕ ФУНКЦИИ И ВЛИЈАНИЕТО НА ЛОКАЛНО НИВО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (FOLLOW-UP СТУДИЈА), достапно на: https://reactor.org.mk/publication-all/%d0%b6%d0%b5%d0%bd%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d0%b2%d0%be-%d0%bf%d0%be%d0%bb%d0%b8%d1%82%d0%b8%d0%ba%d0%b0%d1%82%d0%b0-2-%d0%bf%d0%b0%d1%82%d0%be%d1%82-%d0%b4%d0%be-%d0%bf%d0%be%d0%bb%d0%b8%d1%82%d0%b8/

5 Реактор - Истражување во акција, Публикации на тема родова еднаквост, достапно на: https://reactor.org.mk/%d0%bf%d1%83%d0%b1%d0%bb%d0%b8%d0%ba%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%b8/?category_name=gender_equality

6 https://rezultati.sec.mk/mk/parl/r

Во таа насока, програмите на политичките партии и изборните коалиции за парламентарните избори во 2024 година на кои се фокусира оваа анализа се: програмата на ВМРО-ДПМНЕ која ја предводи коалицијата „Твоја Македонија", програмата на ЛЕВИЦА, програмата на СДСМ која ја предводи коалицијата „За европска иднина" како и програмата на изборната коалиција ВЛЕН (во чиј состав влегуваат Движење БЕСА, АЛИЈАНСКА НА АЛБАНЦИТЕ и ДЕМОКРАТКО ДВИЖЕЊЕ). Притоа, програмата на коалицијата ВЛЕН беше јавно достапна само на албански јазик (како што е прикачена на страната www.mojotzbor.mk), а единствениот извор што нуди информации на македонски јазик за програмата на ВЛЕН се наоѓа на веб страната https://odgovornavlada.mk/, која иако е мошна корисна од информативен аспект, не содржи детали што може да се земат предвид за анализа од овој тип. Оттаму, програмата на коалицијата ВЛЕН беше анализирана на албански јазик.

**Во програмите на политичките партии Движење ЗНАМ и коалицијата ЕВРОПСКИ ФРОНТ, предводена од ДУИ, воопшто нема ниту споменување на посебните права и потреби на жените, ниту програмите се напишани на родово сензитивен јазик, па истите не можеа да бидат предмет на оваа анализа бидејќи не содржат ниту еден од елементите што се разгледувани овде и се целосно родово слепи.**

За разлика од програмата на ДУИ[7] за предвремените парламентарни избори во 2016 година, каде оваа партија се залагала поконкретно за мерки имале за цел да им обезбедат на жените поеднаков пристап до наследство, на пример, како и мерки за воведување родови студии на државните и на приватните универзитети, за овогодишните парламентарни избори родовата перспектива речиси воопшто не е земена предвид при креирањето на политичката програма. Единствената мерка која би можела да се оцени како родово сензитивна, а е вклучена во овогодишната програма на коалицијата ЕВРОПСКИ ФРОНТ, се однесува на социјалната заштита и отворањето градинки за деца во секое населено место. Притоа, ова не е поткрепено со поконкретни планови ниту пак анализи што покажуваат дали и колку ваквата идеја е одржлива. Дополнително, на неколку наврати оваа програма спомнува „активна младина и еднакво општество", „еднаквост и различност" и „целосна еднаквост за сите" но не е посочено јасно на кој начин и со кои мерки би се постигнале ваквите амбициозни цели. Движењето ЗНАМ за прв пат се појавува на парламентарни избори оваа година, па не можеме да направиме споредба со минати заложби, но во нивната кратка програма воопшто не се спомнува родова терминологија

7 На предвремените парламентарни избори во 2020 година, програмата на ДУИ не беше јавно достапна.

ниту пак се посочени конкретни мерки за надминување на нееднаквостите во сферите на кои се фокусира самата програма.

Дополнително, поради преклопувањето на два различни изборни процеси – парламентарни и претседателски избори, во оваа анализа се разгледуваат и изборните програми на двајцата претседателски кандидати кои влегоа во вториот круг на претседателските избори, а тоа се: кандидатката Гордана Силјановска Давкова, поддржана од ВМРО-ДПМНЕ (која ја предводеше коалицијата „Твоја Македонија“), која во меѓувреме стана првата жена претседателка на Република Северна Македонија, и кандидатот Стево Пендаровски, поддржан од СДСМ (која ја предводеше коалицијата „За европска иднина“).

***За кого е наменета оваа анализа?***
Земајќи предвид дека „Реактор“ е независна истражувачка организација, чии трудови се достапни за целата јавност, заклучоците од анализа од овој тип можат да бидат корисни не само за граѓанскиот сектор, туку и за самите политички партии, како преглед на нивните изминати и моментални заложби, чија крајна цел би било усовршување на идните активности, унапредување на статусот на жените и придвижување кон поправедно и родово поеднакво општество. Понатаму, анализата исто така може да биде корисна и за други чинители во граѓанскиот и јавниот сектор, како и за медиумскиот сектор и сите оние кои работат на информирање, промена и подигнување на свеста на јавноста во однос на родовите прашања и женските права; за академската средина, која резултатите од оваа анализа може да ги искористи како референца за понатамошни трудови посветени на областа на родовите и интеркултурните студии; за меѓународните организации посветени на женските прашања и др. Генерално, овој тип анализи се дел од стремежот за остварување на универзалните човекови права, преку промоција на демократска застапеност на сите граѓанки и граѓани во општеството.

## Анализа на програма на ВМРО-ДПМНЕ (Коалиција „Твоја Македонија“)

Употреба на термини (квантитативен преглед/број на спомнувања):

| Род: 0 | Пол: 9 | Жени: 38 | СРЗ[8]: 1 | Дискримин-ација: 0 |
|---|---|---|---|---|

**Род: 0**

Анализата на Реактор на политичките програми за изборите во 2020 година укажува на тоа дека „Коалицијата Обнова во делот на родово базирано насилство како единствена мерка ја има наведено ратификацијата на Истанбулската конвенција за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство“. Истовремено, оваа постара анализа укажува на тоа дека програмата на оваа коалиција исто така ги користела термините род и родова еднаквост, за разлика од тековната програма за овогодинешните избори во која свесно и континуирано се употребува само терминот „пол“ што би можело да упатува на заклучок дека одбиваат да го признаат родот како правна категорија и ги прифаќаат наративите што се неосновани, штетни, но и пошироко присутни во јавниот дискурс.

Во политичката програма на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, наместо терминот „род“, се забележува свесна и континуирана употреба исклучиво на терминот „пол“. Оттаму, неопходно е да потсетиме дека потпишувањето (2011) и ратификацијата на Истанбулската конвенција (2017), ги обврзува сите политички субјекти во Македонија да се придржуваат до нејзините одредби, во која, меѓу другото, јасно е дефиниран родот како категорија. Неизбежно е да се забележи дека покрај Истанбулската конвенција, во Република Северна Македонија, разликата помеѓу пол и род е инкорпорирана и во правниот дискурс и домашното законодавството, и тоа во Законот за еднакви можности на жените и мажите, Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Кривичниот законик. Дополнително, веќе подолго време постојат и други национални документи – стратегии и акциски планови, кои ја дефинираат и поттикнуваат родовата еднаквост во земјата, како

8 Сексуално и репродуктивно здравје

на пример, Националната стратегија за родова еднаквост 2022 – 2027 и придружните акциски планови, што се основни стратешки документи на Република Северна Македонија со кои се воспоставува сеопфатна рамка за понатамошни активности во насока на унапредување на родовата еднаквост и зајакнување на жените, а се надоградуваат на претходната Стратегија за родова еднаквост 2013-2020. Оттаму, мерките и заложбите формулирани на овој начин, користејќи го единствено терминот „пол“, се особено ограничувачки и се косат со правните инструменти и постоечки политики во државата, како и со заложбите на земјата за пристапување кон Европската унија и за почитување на обврските кои ги стекнува со прифаќање и потпишување на повеќе меѓународни повелби и декларации кои се однесуваат на човековите права или поконкретно на женските права. Ова може да претставува сериозен предизвик за кршливиот прогрес на полето на родовата еднаквост и женските права, особено ако се земе предвид недостигот на политичка волја за ратификација на Истанбулската конвенција, иако беше потпишана во 2011 година, за време на претходниот владејачки мандат на оваа партија.[9]

**Пол: 9**

Како што е напоменато погоре, во политичката програма на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, при формулирањето на мерките и заложбите кои се однесуваат на жените се користи исклучиво терминот „пол“. Пред сè, во однос на реформите во судството, програмата ветува дека законите ќе се применуваат еднакво за сите граѓани, без оглед на нивната етничка, верска, полова и друга припадност. Понатаму, зајакнувањето на улогата на жената во безбедносните структури, според програмата, подразбира жени на високи раководни позиции во полицијата, кои ќе можат да дадат исклучителен придонес во перцепцијата на јавноста околу улогата на жената во полицијата. Ваквата соодветна застапеност на жените во Министерството за внатрешни работи (МВР), Министерството за одбрана (МО) и сличните институции, според креаторите на програмата би требало да гарантира вистинско почитување на принципите на „полова рамноправност“[10].

---

9 Конвенцијата беше потпишана во јули 2011 година но не беше ратификувана до истекот на владеењето на оваа коалиција, односно, дури по промената на власта и по долг процес на застапување на граѓанскиот сектор, во декември 2017, Собранието го усвои Законот за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Закон за ратификација на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство. Службен весник на Република Македонија бр. 198/2017). Конвенцијата конечно беше ратификувана со депонирање на инструментот за ратификација во март 2018 година и истата почна да се применува од 1 јули 2018 година.

10 Терминот „полова рамноправност“ и сите слични кованици што се однесуваат на родова рамноправност или родова еднаквост се ставени во наводници бидејќи се работи за цитат од самите програми, но истите не соодветствуваат со правните и стратешки документи што гарантираат родова рамноправност или родова еднаквост. Оттаму, секаде каде што користиме изворни термини од самите програми во оваа анализа користиме и наводници за да потенцираме несоодветна употреба, како и несогласување со истата поради лимитирање на основите за еднаквост и непочитување на постоечките правни и стратешки документи.

Во оваа програма се предвидуваат и кампањи за подигање на свеста на граѓаните за, како што самата програма вели „препознавање на „нееднаквоста помеѓу половите“ и делување во насока на остварување на правата на жените, со цел отказите поради бременост, помалку платениот труд, мобингот и насилството да останат во минатото“. И покрај тоа што подигнувањето на свеста на граѓан(к)ите е неопходно за да го препознаат прекршувањето на нивните права, сепак потребни се поконкретни мерки и предлози од фразата „да останат во минатото“, како и соодветно и навремено институционално постапување и измени во законските решенија, што воопшто не се адресирани ниту образложени во програмата, па поголемиот дел од овие ветувања остануваат само во форма на општи заложби без соодветни анализи на проблемите и конкретни решенија.

Во програмата се предвидени и мерки за отворање центри за поддршка и згрижување на жените жртви на „полово базирано насилство“, но истите не се понатаму соодветно разработени. Овде, уште еднаш ќе потенцираме дека споменувањето на категоријата „пол“ низ целата програма на ВМРО-ДПМНЕ е во директна врска со термините „еднаквост“ или “рамноправност“ - за што соодветно би било да се користи категоријата „род“ поради тоа што општо прифатениот термин што постои и во националната во меѓународната легислатива е родово-засновано или родово-базирано насилство, или родова еднаквост /рамноправност во поширок контекст. Со оглед на фактот дека круцијалната улога во околностите под кои насилството се случува ја играат општествените констелации и/или социјалните услови, неопходно е да се посвети внимание на механизмите за спречување на родово-базираното насилство (РБН), како и насилството врз жените, но, исто така, е неопходно и истото соодветно да се именува, што не е случај со оваа програма. Дополнително, во поглавјето „Права и слободи“, каде што е вклучен и посебен дел посветен исклучиво на жените (разработен понатаму во текстот), јасно е наведена и заложба и ветување за „доследна имплементација на потпишаните меѓународни договори, конвенции и резолуции за човековите права и заштита од насилството врз жената,“ што подразбира и соодветно користење на терминологијата што овие документи ја содржат, што во оваа програма не е испочитувано.

**Жени: 38**

Програмата на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, во рамки на поглавјето „Права и слободи“, вклучува и посебен дел посветен исклучиво на жените. Во воведот на овој дел насловен „Жената-центар на македонското општество“ јасно се наведува дека еднаквоста на жените и мажите, која е загарантирана со Уставот, како основно човеково право и суштински елемент на демократските општества, резултира со социо-економски придобивки.

Според програмата, партијата ветува дека ќе се фокусира на зајакнување на позицијата на жената во неколку различни сегменти на општественото дејствување: поддршка на жената во семејството, справување со насилство врз жените, јакнење на економската независност на жените, намалување на разликите во плати, подобрување на условите на жените земјоделки, поддршка на мајки со деца со попреченост и унапредување на репродуктивното здравје кај жените. Имајќи предвид дека политиките неопходно треба да се засноваат на докази, она што би можело да се оцени дека недостасува во овој дел од програмата се токму податоците користени за формулирање на мерките, како и нивна подетална разработка, како што покажува анализата подолу. Имено, повеќето заложби се дадени во формат на ветувања и за истите нема посочени претходни родови анализи врз основа на кои се издвоени овие состојби ниту пак се елаборирани конкретни мерки за остварување на овие ветувања и мерење на резултатите од истите.

Дополнително, неопходно е заложбите и мерките во однос на унапредувањето на правата на жените да се интегрирани во општите заложби и мерки во рамки на сите области што се опфатени во програмата, бидејќи ваквиот пристап нуди простор да се толкува ова прашање само како издвоено, а не како интегрирано во рамки на сите области на делување. Примената на интегриран пристап и посочувањето на клучните нееднаквости во рамки на различни полиња и сектори можат да допринесат кон поконкретни решенија и поуспешна интеграција на родовата компонента во рамки на различни области на делување.

На пример, програмата вели дека коалицијата „ќе креира и ќе промовира мерки и политики  за вработување и самовработување со цел економско јакнење на жените преку проекти за развој на женското претприемништво“ , но не спомнуваат системски решенија во рамки на поглавјето посветено на овие теми, поточно во поглавјето „Борба за квалитетен животен стандард“, во делот посветен на продуктивни и високо платени работни места. Жените се спомнати во рамки на еден дел од наведените заложби

што се однесува на реформи за вработување, каде што се набројани само како поткатегорија на корисници на услугите на Агенцијата за вработување, но без било какви посебни мерки или информирани предлози. (Имено, во програмата само кратко е наведено: *„имплементирање пакети на мерки и услуги насочени кон долгорочно невработените, жените, младите, лицата без квалификации и маргинализираните групи“*.)

Понатаму, во програмата се предвидени и измени во Законот за работни односи со кои се предвидува поголема флексибилност на работното време кај новите родители во првите години од родителството. И покрај тоа што оваа мерка може да се оцени како родово сензитивна, особено затоа што се однесува на двајцата родители, сепак не е предвидена долго очекуваната измена на законските одредби во насока на воведување на споделено родителско и татковско отсуство[11], а во согласност со ЕУ директивата за баланс на животот и работата, што игра особено важна улога во унапредувањето на родовата еднаквост и учеството на жените на пазарот на платениот труд[12]. Неколку пати низ текстот се среќава потребата од подигање на свеста во однос на различните аспекти на нееднаквиот статус на жената, но деталната анализа укажува на тоа дека иако потребата е потенцирана и осознаена, посветеноста кон истата недостасува.

Кај предложениот механизам за јакнење на економската независност на жените (што не е понатаму разработен и е на ниво на декларативна заложба), во програмата се спомнува еднаквоста на платите на мажите и жените, до која се претпоставува дека ќе се дојде преку воспоставување неутрален план за класификација на занимањата во кои доминираат работничките и преку подобрување на условите за жените земјоделки. Она што тука би можело да се процени дека недостасува се поконкретни мерки насочени кон остварување на принципот на *еднаква плата за еднаква работа и работа од еднаква вредност*, како мерки за транспарентност на платите, но и мерки насочени кон обезбедување навремени и обновување на постоечките официјални статистички податоци за родовиот јаз во платите и пензиите. Понатаму, повторно преку воопштени заложби без конкретни механизми и предлози за остварување на истите, оваа политичка програма содржи и ветувања за креирање и промовирање мерки и политики за вработување и самовработување со цел економско јакнење на жените преку проекти

11 Реактор – истражување во акција (2019). За сечие добро – кон нов модел за родителско отсуство. Достапно на: https://reactor.org.mk/wp-content/uploads/2020/05/Реактор-За-сечие-добро-Кон-нов-модел-на-родителско-отсуство.pdf

12 Котевска, Б (2022). Подигнување на минималните работнички стандарди во Европската унија: транспарентни и предвидливи работни услови и рамнотежа приватен-работен живот. Достапно на: https://bit.ly/4dKxOv8

за развој на женското претприемништво. Важно е да се напомене дека, за разлика од програмата за предвремените парламентарни избори од 2016, во оваа програма земени се предвид и индустриите што се опфатени со Законот за минимална плата, како текстилната и кожарската индустрија, каде најголем дел од вработените се жени.

Во однос на подобрувањето на условите за жените земјоделки, наведената заложба е во чекор со Предлог Програмата за обезбедување на социјална сигурност за жените кои вршат земјоделска дејност[13], која за жал не претставува системско решение на овој проблем[14]. Во оваа насока, фокусот треба да биде на посеопфатно системско решение кое би овозможило земјоделките да го остварат правото на пензија и породилно отсуство во рамки на основното законодавство. Понатаму, наведено е дека ќе се поддржуваат проекти за жени земјоделки, но овие мерки не се дополнително образложени и недостига интерсекциски пристап за истите, со цел да се таргетираат различни ранливи категории на жени од руралните средини и на жени земјоделки[15]. Имено, жените од руралните средини заземаат голем удел во рамки на седумнаесетте цели од документот „Цели за одржлив развој" на Обединетите Нации (ОН)[16], а се сметаат за значајна алка за постигнување одржлива иднина и социо-економски развој. Со оглед на фактот дека Република Северна Македонија е членка на ОН и потписничка на овој документ, како и земајќи предвид дека во руралните средини во Република Северна Македонија живее околу 47% од севкупното население, при што земјоделството претставува главна економска дејност во овие средини, повеќе од неопходно е да се предложат поконкретни и посеопфатни мерки за справување со предизвиците со кои се соочуваат овие жени[17].

Понатаму, програмата предвидува и курсеви за преквалификација и доквалификација за вештини за самовработување, со што се предвидува развивање на планови и програми во рамките на активностите на Агенцијата за вработување со акцент на жените и маргинализираните групи, и вклучување на сите необразовани млади девојки во образовниот систем, што е во согласност со официјалните статистички податоци[18], како и кариерни советувања во училиштата за насочување кон кариери

13 https://vlada.mk/node/32022
14 https://mzd.mk/mk/nastani/press_mzd_kszd-2/
15 Овде е важно да се потенцира дека не сите жени во руралните средини се земјоделки, оттаму и двете категории се спомнати во текстот, во насока на споменатиот интерсекциски пристап.
16 https://sdgs.un.org/2030agenda
17 Тошеска,М (2021). Положбата на руралните жени во македонското општество. Достапно на: https://www.lagagrolider.mk/sites/default/files/polozhbata_na_ruralnite_zheni_vo_makedonskoto_opshtestvo.pdf
18 субhttps://rodovistatistiki.stat.gov.mk/Analytics/Образование%20и%20наука/Ученици%20во%20основните%20училишта/118

и науки во кои доминираат мажите. Сепак, насочувањето на вниманието само кон жените во однос на родовиот јаз во работната и научната сфера е недоволно. Имено, за да се постигне позитивен ефект, мерките треба вклучуваат и соодветни родово сензитивни наставни содржини што ќе придонесат кон разбивање на стереотипите и спречување на дискриминацијата и сегрегацијата на пазарот на труд заради истите, а истите треба да бидат наменети за сите ученици и ученички: како за девојчињата, така и за момчињата (за разлика од фокусирање само на обуки и советувања за ученички и претприемачки). Со заложбите и мерките против стереотипизација, дискриминација, говор на омраза, треба да бидат опфатени сите ученици и ученички за да може да се постигнат некакви ефекти на подолг рок. Вклучувањето на мажите и момчињата во борбата против нееднаквостите е нужно, неопходно и корисно ако сакаме да постигнеме напредок на ова поле.

Како што беше спомнато, во програмата на оваа изборна коалиција се спомнува и мерка за поддршка на мајки на деца со попреченост, што претставува професионална помош и придружба од страна на дефектолози во воспитно-образовните институции. Сепак, со оваа мерка се таргетира само жената како родител, без притоа да се земе предвид и таткото, што го поткрепува стереотипното поимање за мајката како примарен, па дури и единствен родител што се очекува да се грижи за децата. Не само што предвидената поддршка, во најмала рака, би требало да се однесува и на двајцата родители, туку предвидените мерки треба да се посеопфатни и да ја адресираат широко распространетата родово-базирана дискриминација на пазарот на трудот, особено земајќи предвид дека неплатениот труд е најчесто е на товар на жените.

Во насока на претходната констатација, вредна за внимание е и заложбата за отворање на <u>приватни</u> детски градинки, која е, за жал, во тотална спротивност со мерките наменети за помош на самохрани родители или оние со средни и ниски примања што не можат да си дозволат приватно згрижување и образование за нивните деца. За да биде корисна ваквата заложба за поголемиот дел од општеството, фокусот треба да биде во насока на олеснување на извршувањето на работните обврски на родителите, преку мерки за отворање на нови јавни установи за згрижување на деца или други алтернативни решенија што се достапни и пристапни и во склад со економската моќ на населението, но и со работното време на родителите. Истражувањата покажуваат дека во општините во кои е поголем процентот на згрижени деца во државни детски градинки, поголема е и еднаквоста меѓу жените и мажите во вработувањето, а поголема е и стапката на активни и вработени жени, па

следствено на тоа помал е и процентот на жени исклучени од пазарот на труд поради грижа[19]. Притоа, сите понудени решенија и заложби мораат да вклучуваат и детални анализи за одржливост и спроведливост на истите , како и проценка на потребите во рамки на конкретни општини и локални заедници.

Во однос на механизмите за спречување на родово-базирано насилство (во програмата, за жал, референцирано исклучиво како „полово“), во оваа политичка програма, слично како и во програмата за предвремените парламентарни избори во 2016 година, акцентот се става на зајакнување на законската регулатива, отворање центри за згрижување на жени жртви на насилство и соодветна обука и зајакнување на капацитетите на професионалните работници кои обезбедуваат услуги за жени жртви на насилство. Разликата е што во сегашната програма се предвидени и мулти-секторски општински тимови кои би постапувале според предвидениот модел за пријава на случаи на различни форми на насилство. Во однос на насилството во училиштата, предвидена е ревизија и подобрување на програмите за советување на родители и ученици во основно и средно образование за процедури за постапување во случаите на насилство врз жени и девојчиња. Притоа, воопшто не е посочено како ова би се извело ниту се спомнати меѓународните и националните стандарди што мораат да се испочитуваат. Во оваа насока, важно е да се напомене дека, исто како и во програмата од 2016 година, воопшто не се посочени (а се неопходни) мерки за препознавање на различни видови родово (а не полово) базирано насилство. Овде, уште еднаш, мораме да посочиме дека формулацијата „полово насилство“ не е во согласност со законската регулатива и терминологија и го занемарува постењето на посебниот Закон за спречување и заштита од насилството врз жените и семејното насилство[20] кој се однесува на родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство.

Програмата исто така наведува и заложби за даночни олеснувања, во рамки на кои се спомнува и „целосен поврат на данок на личен доход за секоја вработена жена со новороденче“, а за услугите за вработување на жените кои се невработени предвидено е имплементирање пакети на мерки и услуги кои, како и мерките претставени во текстот погоре, не се соодветно образложени понатаму.

19 Лешоска,В. Бојчевска Митревска, А. (2024). Достапност на градинки и родова еднаквост на пазарот на труд - Анализа на поврзаноста по општини. Достапно на: https://bit.ly/3QQGdDo

20 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/1a28a922f364401e94935d4d694b9d75.pdf

Во програмата вниманието е насочено и кон зголеменото учество на жените во спортот, преку финансирање на женски спортови, клубови и промоција на резултати од жени спортистки. Оваа мерка е во согласност со податоците од Индексот на родова еднаквост во Северна Македонија 2022[21], според кои поголем дел од мажите посветуваат време на спорт и спортски активности, додека жените без разлика на нивниот работен статус, своето слободно време го поминуваат во неплатена грижа, едукација или неплатени домашни активности. Дополнително, во под-доменот на Индексот „Општествена моќ" се бележи најмал напредок и има потреба од значително подобрување на нееднаквоста во репрезентативноста во управните органи, особено во институциите поврзани со секторот спорт, каде што има највисоки родови разлики[22].

**(~~Сексуално и~~) репродуктивно здравје (СРЗ)**: 1

Во однос на сексуалното и репродуктивното здравје, програмата ветува здравствена заштита и пристап до соодветни здравствени услуги, но става акцент исклучиво на унапредување на репродуктивното здравје на <u>жената како мајка</u>, во рамки на што се потенцира конкретна мерка - отворање на современ центар за ин-витро фертилизација на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство. Дополнително се споменуваат уште неколку важни аспекти, но само во контекст на пристап до информации, односно, се ветува пристап до информации за социјално-ранливи групи за ХИВ/СИДА и други сексуално преносливи инфекции, за абортус, неплодност и малигни заболувања на дојка и матка, како и воопштено подигање на свеста за женското здравје. Притоа, воопшто не се адресирани било какви други предизвици поврзани со овие категории, како на пример недостигот од соодветна и одржлива распределба на средства за овие ранливи категории и нивните здравствени потреби, за чија неопходност сведочат јавно достапни истражувања и податоци.

Од севкупните анализирани заложби наведени во изборната програма на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ се наметнува заклучок дека жената пред сѐ се третира како мајка. На пример, најголемиот дел од програмските цели и заложби за здравјето на жената се всушност насочени кон нејзиното репродуктивно здравје со крајна цел - мајчинство. Понатаму, во двата пасуси посветени на поддршка на жената во семејството се предвидува стимулација на работодавачите кои овозможуваат флексибилно работно време и работа од дома за мајките,

21 https://www.stat.gov.mk/publikacii/2023/Gender-Index-2022_MK-web.pdf
22 Ibid.

со што на мајките би им се овозможило подобро да ги усогласат своите семејни и деловни обврски. Ваквите мерки треба да се однесуваат и на двајцата родители и да бидат насочени и кон вклучување на мажите во активности поврзани со грижа, што е неопходно за да се намали дисбалансот на неплатен труд, што во голема мера е на товар на жените. Понатаму, програмата предвидува и обучување на здравствен кадар за препознавање на ризик фактори кои можат да доведат до постнатална депресија, со цел рано препознавање, превентивно делување и третман на мајките со ризик. Истовремено, се планира воспоставување програма за психолошко советување на жените во текот на целата бременост. Притоа, важно е да се напомене дека предвидувањето на овие мерки е мошне релевантно, имајќи предвид дека, во 2022 година, перинатална депресија била регистрирана кај 27,6% од испитаничките во студијата која го проценува влијанието на пандемијата со КОВИД-19 врз перинаталното ментално здравје кај жените во Република Северна Македонија[23]. Меѓутоа, неопходно е да се адресираат и други сегменти поврзани со физичкото и менталното здравје на жените, не само оние што се поврзани со мајчинството. Понатаму, во дополнителниот осврт на текстот за Националниот план за демографија, механизмите за спроведување на овој план и предвидената финансиска поддршка повторно имплицираат дека жената идеално би требало да има улога на мајка, кон што се насочени и најголем дел од ветувањата и мерките во оваа програма поврзани со жените.

Оттаму, неопходно е да се потенцира дека детално разработени мерки, како оние предвидени за бремените жени и доилките, треба да бидат подеднакво присутни не само за мајките туку за сите жени, без разлика на нивната возраст, сексуална ориентација, етничка припадност, попреченост, работен статус и т.н. Истото важи и за мерките поврзани со пазарот на труд, економското јакнење и подобрувањето на животниот стандард.

Покрај очигледното избегнување на терминот род, во програмата комплетно се изоставени маргинализираните и ранливите групи како што се, на пример, сексуалните работнички, Ромките, ЛБТИ+ жените и други. Оттука, врз основа на сè образложено погоре, како и со оглед на отсуството на родово сензитивен јазик во самата програма и непрепознавањето на родот како категорија, програмата и предвидените мерки и механизми,

23 Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје; Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје; Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје, Република Северна Македонија (2023). Влијанието на пандемијата со КОВИД-19 врз перинаталното ментално здравје кај жените во Северна Македонија. Достапна на: https://bit.ly/3yiO06u

за жал, начелно гравитираат кон доменот на родова несензитивност и истите приклонуваат кон одредени стереотипни претстави за правата, слободите и обврските на жената, кои всушност се и една од основните причини за нееднаквостите што постојат. Дополнително, отсуството на родово сензитивниот јазик може да доведе до понатамошна забуна бидејќи во најголем дел од текстот се употребуваат именки и субјекти од машки род како граѓани, земјоделци, средношколци и сл., а само во одредени случаи се означува женскиот субјект, па ова прави простор да се поставува прашањето дали заложбите и механизмите во останатите делови од програмата се однесуваат претежно за мажите, а за жените само тогаш кога експлицитно се означени. Дополнително, со оглед на тоа дека начелно не би можело да се каже дека програмата ги опфаќа сите различни жени и девојчиња, во однос на возраст, етничка припадност, попреченост, сексуална ориентација, социјален статус, и др., би можеле да дојдеме до заклучок дека истата нема интерсекциски пристап и може да исклучува групи на граѓанки на тој начин. Недостасува и дополнително толкување во однос на различните искуства што може да ги имаат мажите и жените во различни сфери на живеењето и работата, кои резултираат со оневозможување на посебни пристапи до финансиски, образовни и други ресурси, како и методи за справување со една иста општествена појава, која може да има различно значење за различните субјекти. Понатаму, иако во програмата се наведува заложба за менување на свеста кај јавноста, воопшто не се споменува овој феномен во контекст на родово-сензитивни теми, ниту во контекст на борба против растечките антиродови и антидемократски движења, чиешто влијание се препознава и во Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2023 година[24].

24 Извештај за Северна Македонија за 2023 година, достапен на македонски јазик на: https://www.sep.gov.mk/post/?id=5657

## Анализа на програмата на СДСМ (Коалиција „За европска иднина“)

Употреба на термини (квантитативен преглед/број на спомнувања):

| Род: | Пол: | Жени: | СРЗ[25]: | Дискримин-ација: |
|---|---|---|---|---|
| 53 | 2 | 69 | 15 | 7 |

### Род(ово): 53

Програмата на СДСМ за периодот 2024-2028 се базира на четири клучни столба за локален развој, а во првиот дел за локален одржлив развој предвидува и доуредување на обврската за задолжително родово-одговорно буџетирање. Во делот насловен „Грижа за сите (на локално ниво)“, (каде е потенцирана родовата еднаквост и одделно се издвоени лицата со попреченост) се споменуваат онлајн советувалишта за психо-социјална поддршка на граѓаните, со посебен фокус на жртвите на родово-базирано и семејно насилство. Како следна општа заложба се наведуваат мерките за поттикнување на родова еднаквост преку економско зајакнување и независност на жените, планирани преку мотивирање на приватниот сектор преку посебен фонд на поддршка - ослободување од придонеси во рок од 12 месеци за вработување на долгорочно невработени жени, кориснички на гарантирана минимална помош (ГМП) и жени кои се жртви на семејно и родово базирано насилство.

Со цел модернизација на високото образование се предвидува „Стратегија за одговорно истражување и иновации“, чиј пристап повлекува инклузивен ангажман на сите засегнати страни од одредено прашање, при што се набројува и родовата еднаквост како интегрална компонента. Се споменува и инвестирањето во научен и наставно-научен подмладок, што подразбира професионален ангажман на младите лица во високообразовните и научни државни установи, при што се ветува дека ќе се запази и родовата еднаквост.

Во сегментот насловен „Европски квалитет на живот“, во рамки на делот посветен на соживотот како патоказ кон иднината, наведено е

25 Сексуално и репродуктивно здравје

дека родовата еднаквост останува политички императив на СДСМ, а заложбите што се наведени се однесуваат на почит, слобода на говор, институционална заштита, еднаква плата и економска независност на жените, при што се обрнува внимание и на борбата против антиродовите движења и секаков вид на политичка дискриминација на жените. Притоа, иако се спомнати повеќе интерсекциски елементи и можни области на делување, заложбите се формулирани воопштено како и во претходната програма што е предмет на оваа анализа. Во рамки на овој дел од програмата, меѓу останатото, се ветува и инкриминација на демнењето и заштита на правата на работничките во текстилната и чевларската индустрија.

Во рамки на поглавјето „Чиста и зелена Македонија", како очекувано влијание врз социјалните резултати при управувањето со отпадот во форма на рециклирање и отворање на регионални депонии, покрај зголемено вработување и намалување на сиромаштија се набројува и родовата еднаквост, но без конкретно објаснување како би се адресирала родовата компонента во управувањето со отпадот и како ова би влијаело на напорите за остварување на родова еднаквост. И покрај тоа што е неопходно дополнително образложување на овие мерки, позитивно е вклучувањето на родовата перспектива во области и сектори кои најчесто се родово неутрални.

Понатаму, во рамки на заложбите за родова еднаквост како приоритет на СДСМ, во програмата се издвоени и посочени и некои досегашни активности што веќе се реализирани во рамки на владата што ја предводеа во претходните владејачки мандати, како на пример:

- донесувањето на Законот за минимална плата;
- Законот за прекинување на бременоста, кој целосно го почитува правото на жените самите да носат одлуки за сопственото тело;
- ратификацијата на Истанбулската конвенција;
- Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство;
- Законот од спречување и заштита од дискриминација, со што беа додадени сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за дискриминација;
- надоместок за мајчинство, односно породилно отсуство за жените земјоделки;
- измените на Кривичниот закон со кои беа воведени нови кривични дела, како на пример: полово вознемирување и демнење;
- дефинирање на родово-базираното насилство и заострување на казнените политики за кривични дела-насилство врз жените,

включително и препознавањето на фемицидот како најтежок облик на родово базирано насилство.

Во однос на последователните заложби на СДСМ и коалицијата предводена од нив, програмата наведува и дополнителни планирани активности, како на пример:

- нов Закон за родова еднаквост кој подразбира формирање на Секретаријат за родова еднаквост;
- Запазување на принципот 50-50 за пратенички и советнички листи, а задолжителни 30% жени кандидати за градоначалнички. Поконкретно, во програмата предвидено е и ревидирање на правната рамка со цел да се обезбедат најмалку 40% жени на сите извршни функции и 50-50 во Парламентот;
- унапредување на законската заштита на бремените работнички;
- стипендирање на девојки во СТЕМ науки;
- зголемување на опфатот на жени со превентивни прегледи предвидени со програмата за рана детекција на малигни заболувања;
- сеопфатно сексуално образование (ССО);
- воведување на најмалку едно контрацептивно средство на позитивната листа;
- зголемување на поддршка за граѓанските организации кои обезбедуваат сервиси за жени, жртви на насилство и продолжување на борбата за родова еднаквост и заштита на жените од сите форми на родово базирано насилство преку обука на кадрите на МВР;
- зголемување поддршка за учество на жените во програмите за финансиска поддршка во земјоделство;
- инкорпорирање на родовата еднаквост низ сите наставни програми;
- зголемување на застапеноста на жените во органите на управување (собрание, УО, ИО) која денес изнесува 32 %.

Позитивно е што коалицијата предводена од СДСМ останува на заложбата за усвојување на нов Закон за родова еднаквост (ЗРЕ) и ги потенцира овие заложби дополнително. Сепак, неопходно е да се нагласи дека дел од овие заложби беа наведени и во претходната програма (2020) но не беа остварени за време на владејачкиот мандат (2020-2024). На пример, важно е да се потенцира дека посочениот нов Закон за родова еднаквост е законско решение кое се изготвуваше подолг временски период, а целиот процес започна некаде во 2019 година, кога за прв пат почна да се работи на овој закон. За жал, и покрај долгиот процес и подготвените решенија за законот, последниот предлог-текст за овој закон остана заглавен во институционалните лавиринти. Како што е нотирано и во

Извештајот на ЕУ за Република Северна Македонија за 2023 година, ЗРЕ беше повлечен од собраниска процедура и не беше усвоен во голема мера како последица на влијанието на антиродовите движења во нашата држава.[26] Дополнително, неопходно е да се истакне дека формирањето на Секретаријат за родова еднаквост беше вклучено како ветување и во изборната програма за парламентарните избори во 2016, како и во програмата за предвремените парламентарни избори во 2020 година , но ова ветување, за жал, не беше остварено, што ја намалува тежината на последното ветување наведено во оваа програма.

Во спортот се предвидува зголемување на родова еднаквост до 50%, со финансирање на машки и женски спорт, преку машки и женски клубови и репрезентации, како и програми за обука и вклучување на жените во сите органи на управување во клубовите и федерациите. Како што е укажано и погоре, при анализата на политичката програма на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, овој вид мерки се во согласност со резултатите од Индексот за родова еднаквост кои укажуваат на највисоки родови разлики во управните органи на телата поврзани со секторот спорт.

Во мерките предвидени за справување со и спречување на трговијата со луѓе, важно е да се забележи дека е направен пропуст со тоа што во различните ранливи категории кои се опфатени со процесите на трговија со луѓе, жените не се посебно издвоени, поради што и нема посебен начин за справување со овој проблем.

Исчекор во однос на застапеноста на жените, во оваа програма, се прави со споменување на родово-сензитивна одбрана, при што јасно се согледува третманот на жената како рамноправна и во одбраната на татковината, што е во согласност со Резолуцијата на ООН 1325 „Жени, мир и безбедност“. Во таа насока, програмата ги потенцира измените и дополнувањата на Законот за одбрана и Законот за служба во армијата од 2020 година, со што беа внесени нови членови со кои се потенцирани еднаквите можности на мажите и жените, како и почитувањето на принципот на родовата еднаквост. Дополнително, во програмата издвоени се и следните спроведени активности:

- усвојувањето на вториот Национален акциски план (НАП) за

26 Реактор - истражување во акција (2023). Кратка родова анализа на Извештајот за државата за 2023 година (In a Nutshell: Brief Gender Analysis of the 2023 Country Report). Достапна на англиски јазик на: https://reactor.org.mk/en/wp-content/uploads/sites/4/2023/12/country_report_2023-1.pdf

имплементација на Резолуцијата на ООН 1325 „Жени, мир и безбедност“ (2020 – 2025);
- креирањето на работна група за координација, мониторинг и евалуација на вториот НАП;
- воведувањето на концептот на нула толеранција во Армијата за сексуално вознемирување и сите други облици на вознемирување;
- спроведувањето на родово одговорно буџетирање за стручно оспособување и усовршување на персоналот во земјата и во странство за периодот 2022-2025 година; како и
- потпишувањето на Меморандум за соработка на Министерството за одбрана со Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (ДЦАФ) за спроведување на родова самопроценка во Министерството за одбрана и Армијата.

Во програмата се наведува и нов колективен договор на МВР во кој се предвидува употреба на родовиот речник и терминологија во колективното договарање на државата, а во однос на еден од начините на справување со родово базираното насилство се споменува и професионализација на кадарот на МВР.

Во текстот на оваа политичка програма предвидено е и воведување на универзален минимален приход со што би се зајакнала социјалната и економската слобода на индивидуата, а во родов контекст се споменати жртвите на семејно и родово-базирано насилство кои поради овој универзален минимален приход би можеле полесно да ја напуштат насилната средина.

Понатаму, програмата ги посочува родовата еднаквост и недискриминацијата (покрај интеркултурализмот) како едни од главните компоненти на образованието, за што се предвидува и воведување на сеопфатно сексуално образование во училиштата. Дополнително, се предвидува загарантиран еднаков пристап до образование, без разлика на социјалниот статус, местото на живеење, етничката припадност, сексуалната ориентација и родовиот идентитет, интелектуалната или физичка попреченост. Вклучувањето на категориите на родов идентитет и сексуална ориентација е во согласност со принципите и одредбите на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Подетална анализа на инклузивните политики има во делот на социјалните и родовите политики чија цел е да обезбедат еднакви можности и права на сите индивидуи, без разлика на етничка, културна или социјална позадина, сексуална ориентација, родов идентитет, лица со, или без попреченост. Покрај земањето предвид на родовата компонента, исклучително важно

е да се нагласи дека оваа програмасе труди да посвети внимание и на интерсекционалноста.
Од аспект на родовата еднаквост, значајни се и следниве заложби вклучени во изборната програма на коалицијата предводена од СДСМ:

- живот ослободен од насилство за секоја жена, со што се подразбираат семејното и родово-базираното насилство, кои не треба да сметаат за приватност. Оттука, мерките се во насока на елиминирање на сите форми на насилство врз жени и девојчиња во јавната и во приватната сфера, преку унапредување на законската рамка и унапредување на мрежата на достапни и пристапни специјализирани сервиси за заштита, помош и поддршка на жртви на родово-засновано насилство. Притоа, акцентот се става на превенцијата и едукацијата како клучни во справувањето со овој општествен проблем, преку образование коешто промовира родова еднаквост и недискриминација. Дополнително, се нагласува повеќекратната дискриминација со којашто се соочуваат жените и девојките со попреченост и жените од маргинализираните заедници.
- еднакви можности на пазарот на трудот, преку заложби и мерки за стимулирање на активирање на жените, зголемување на свеста за еднакви плати на жените и мажите, признавање и вреднување неплатената нега и домашната работа преку овозможување јавни услуги, достапни и пристапни инфраструктури и политики за социјална заштита и промоција на заедничката одговорност во рамките на домаќинствата и семејствата.
- *еднаква застапеност на жените на одлучувачки позиции*, упатува на значителниот родов јаз во процесите на донесувањето одлуки во земјата, што значи дека жените се и понатаму помалку застапени на министерски позиции, на високи позиции во дипломатската служба, на општинско ниво и на градоначалничките позиции. Затоа, се предвидуваат мерки кои ќе обезбедат целосно и ефективно учество на жените и еднакви можности за лидерство на сите нивоа при донесувањето одлуки во политичкиот, економскиот и во јавниот живот.

Поконкретно, предвидено е ревидирање на правната рамка за да се обезбедат најмалку 40 % од помалку застапениот пол на сите извршни позиции и 50/50 во Парламентот, зголемување на застапеноста на жените во органите на управување. Понатаму, во програмата се зборува и за обезбедување посебни можности за градење капацитети за млади лидерки во политичките партии, преку развивање механизми и обуки

коишто би ги поттикнале младите девојки и жени да учествуваат во изборниот процес, политичките активности и други лидерски активности, како и политичко зајакнување на жените за да преземат јавни должности преку развивање и нудење соодветни алатки и вештини.

И покрај тоа што овие мерки и заложби се родово сензитивни, а законските измени и воведувањето на квотите повеќе од неопходни, потребно е да се нагласи дека не постои, ниту постоела, било каква правна пречка за да се обезбедат 40% жени на министерските позиции во Владата и претходно, имајќи предвид дека мандаторот е оној кој го предлага нејзиниот состав[27]. За жал, наспроти овие декларативни заложби, бројот на жени на министерски (или особено градоначалнички) позиции останува многу низок, а таков беше и случајот со последната техничка Влада, во која само четири од вкупно дваесет министри беа жени, односно, во моментот на подготвувањето на оваа анализа, жените беа застапени со само 20% на министерските позиции[28].

**Права на жената Ромка**

Во оваа изборна програма е издвоен посебен дел посветен на бројните предизвици и препреки со кои се соочуваат Ромките, како што се недостапно образование, економска и финансиска зависност од семејството, што дополнително ја отежнува положбата на Ромките во однос на останатите жени. Оттука, важно е да се потенцира дека ова посочување на жените Ромки е во склад со потребата од интерсекционален пристап во самите заложби, за да им се даде внимание и на оние што се соочуваат со повеќеслојни нееднаквости. Наведените програмски заложби се во форма на ветувања и се однесуваат на:

- достапно и пристапно образование коешто ќе ја охрабри жената Ромка и ќе ѝ помогне да излезе од ризикот да западне во сиромаштија;
- спречување на малолетнички бракови преку искоренување на лошите традиции и стеги, со помош на: социјалните работници, психолози и педагози, поголема едукација, информираност и интеграција;
- достапна и пристапна здравствена заштита на жените Ромки, но и на сите Роми кои немаат соодветен пристап до квалитетни здравствени услуги и заштита.

27 Устав на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09, 49/11 и 6/19). Член 90, став 3.

28 https://vlada.mk/sostav-na-vladata?ln=mk

Понатаму, програмата посочува дека намалувањето на смртноста, справувањето со дискриминацијата и нееднаквиот третман од страна на здравствените работници и здравјето на жените остануваат клучни предизвици во областа на здравствената заштита на Ромите.

**Пол(ово): 2**

Користењето на овој термин се однесува на измените на Кривичниот закон со кои се воведоа нови кривични дела, полово вознемирување и демнење, за кои веќе стана збор погоре.

Овој термин е употребен и во рамки на зелените решенија, односно делот поврзан со екологијата и чистата околина на која, како што е наведено во програмата, имаат право сите, без разлика на возраста, полот, верската, националната и партиската припадност. Сепак, во рамки на овој дел недостасуваат поконкретни заложби што би посочиле конкретни мерки или анализа на потреби, како и вклучување на категоријата род, но и попреченост.

**Жени: 69**[29]

Моделот за кој СДСМ ветува дека ќе се залага во однос на земјоделството претставува дополнителна модернизација на земјоделските стопанства и поддршка на младите фармери и жените земјоделки. Се споменува и поддршката на активен женски член во земјоделското домаќинство, која е за прв пат воведена во 2019[30]. Во програмата е дадено и објаснување во однос на досегашните постигнати резултати со оваа мерка. Имено, на првиот јавен повик биле доделени 250 грантови на жени – носителки на земјоделско стопанство до 3 000 евра, додека во следните години висината на финансиската поддршка била зголемена на 6 000 евра, а со грантови до оваа вредност се здобиле нови 70 жени земјоделки. Во однос на идните заложби, предвидена е финансиска поддршка за жените земјоделки преку зголемување на грантот од 6 000 на 10 000 евра.

Во политичката програма на коалицијата предводена од СДСМ, предвидено е воведување и дефинирање на пензионерска еднаквост – исплата на загарантирана минимална пензија на жените/мажите кои живеат со семејна пензија наследена од починатиот партнер, за гарантирање на

29 Скоро секогаш, термините жена и род, во програмата на СДСМ опфаќаат исти цели, заложби и механизми, па поради непотребно обременување на текстот, во анализата не беа опфатени оние кои веќе се споменати и објаснети.
30 https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/docs/2019/PRR_2019_sl_vesnik_181.pdf

еднаквост и достоен животен стандард, преку автоматски стабилизатор и дополнувач на пониската пензија до просечната пензија. Дополнително, програмата потенцира и подобрување на условите за пензионирање на жените во МВР.

Со отстранувањето на бариерите и создавање можности за жените и ранливите групи да пристапат до образование, обука и вработување, програмата предвидува зголемување на учеството на жените и ранливите групи во економските активности, кое е од суштинско значење за постигнување социјална еднаквост и инклузивен раст. Сепак, значајно е да се забележи дека официјалните статистички податоци не покажуваат значително подобрување на стапката на економска активност на жените на пазарот на платениот труд низ годините наназад, вклучително и за време на последниот мандат на оваа политичка партија[31]. Поконкретно, и во 2023 година, економски неактивни биле речиси половина од жените на работоспособна возраст во урбаните средини. Ситуацијата е уште позагрижувачка во руралните средини каде, истата година, економски неактивни биле 56,7%, односно повеќе од половина од работоспособните жени[32]. Притоа, неопходно е да се истакне дека оваа појава е од суштинско значење и треба сериозно да се работи на ова поле, со конкретни информирани мерки и чекори ако сакаме да се стремиме кон економско јакнење на жените и, воопшто, унапредување на економскиот развој на земјата.

**Сексуално и репродуктивно здравје (СРЗ)**: 15

Во оваа политичка програма сексуалното и репродуктивното здравје и права се разгледуваат и низ призмата на здравството, но и низ призмата на образовниот процес. Според текстот на програмата, сексуалното и репродуктивното здравје и права подразбираат инвестирање во образованието и програми чијашто цел е зајакнување, особено на младите жени и девојки, да направат избор заснован на информации. Од аспект на образовниот процес се споменува и сеопфатното сексуално образование кое, според креаторите на програмата, би имало позитивно влијание врз животните вештини, самодовербата кај младите и носењето одлуки за градење здрави и ненасилни врски. Од друга страна, од аспект на здравството, во програмата е предвидено обезбедување на контрацептивни средства на позитивната листа на ФЗОМ и зголемување на буџетот за контрацепција во превентивните програми за ранливите и социјално исклучените групи жени. Во оваа изборна програма се

31 https://makstat.stat.gov.mk:443/PXWeb/sq/01395a13-5fc5-4e8a-8ab4-8661a0163a57
32 https://makstat.stat.gov.mk:443/PXWeb/sq/dbc1988a-0662-444f-889e-c47c5237818c

зборува и за инвестирање во превенција, и тоа преку зголемување на буџетите за превенција наменети за жени и ранливи групи, со фокус на програмата за заштита на населението од ХИВ, програмата за превенција од малигни заболувања и програмата за заштита на мајките и децата. Сепак, неопходно е да се спомене дека во текот на последниот владејачки мандат на оваа партија, средствата за заштита на населението од ХИВ беа намалени во значителна мера, што беше силно критикувано од страна на граѓанскиот сектор, како и од страна на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество[33]. На пример, во 2022 година, наместо 46,5 милиони денари, колку што биле предвидени во Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција за конкретната година, наменети за услугите за превенција на ХИВ што ги реализираат здруженијата, Министерството за здравство објави јавен повик за здруженија со износ намален за 19 милиони денари, што претставува намалување за повеќе од 40%.

## Антиродови движења: 1

Справувањето со анти-демократските и анти-родови движења во земјата е од суштинско значење за унапредување на родовата еднаквост и правата на жените, но и за владеењето на правото, демократските текови и општествениот развој. Токму затоа неопходно е истите да се препознаат и да не се адресираат соодветно било какви негативни импликации што може да се јават во јавниот дискурс, но во рамки на националните и локалните политики и носењето одлуки. Поради ова, важно е да се спомене дека ова е единствената анализирана програма што истите ги препознава и посочува како појава на која ѝ е неопходно внимание и соодветно адресирање за да се намалат штетните влијанија од истата. Во рамки на оваа програма, во однос на родовата еднаквост како политички императив, се потенцира дека носителите „одлучно се спротивставуваат на антиродовите движења и политички провокации насочени кон креирање на раздор и дискриминација“. Сепак, оваа одлучност која се споменува во програмата, за жал, не беше демонстрирана во пракса во текот на владејачкиот мандат на СДСМ. По однос на ова прашање во јавноста беа забележани и неусогласени ставови и спротивставени мислења во рамки на самата партија[34]. Дополнително, по протестот против Законот за родова еднаквост и Законот за матичната евиденција, одржан во јуни 2023 година, а организиран од страна на Македонската православна црква - Охридска архиепископија (МПЦ-ОА), властите се „повлекоа“ и

33 Соопштение - Советот за соработка помеѓу Владата и ГО бара промена на одлуката со која се кратат средствата за заштита од ХИВ во 2022 година, достапно на: https://epi.org.mk/post/20618

34 https://bit.ly/4c6kOOF

на ниту еден начин познат за јавноста не продолжи процедурата за конечно усвојување на овие законски решенија клучни за унапредување на родовата еднаквост во државата[35]. Ова е неопходно да се потенцира бидејќи влијае и на секуларноста на државата, што е загарантирана со Уставот. Оттаму, иако е за поздрав споменувањето на овие движења, сметаме дека се потребни поконкретни заложби и вистинска политичка волја и консензус за справување со негативните влијанија на подолг рок.

**Дискриминација: 7**

Програмата ветува редовни дискусии во Економско-социјалниот совет околу етичката употреба на вештачката интелигенција и автоматизацијата, пред сè, од аспект на почитување на човековите права, избегнување дискриминација и давање приоритет на социјалните придобивки. Економско-социјалниот совет е мошне важно тело што може да даде поддршка на овие и други текови поврзани со (не)почитување на човековите права, вклучително и правата на жените и маргинализираните групи, како и соодветни решенија и алокација на ресурси за имплементација на истите. Сепак, потребно е многу да се работи на ова поле, а во рамки на посочената мерка, воопшто не е посебно издвоена родово-базираната дискриминација, ниту пак се дадени конкретни предлози или механизми за исполнување на ова ветување.

Терминот дискриминација е употребен и во контекст на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација, усвоен во 2020 година, во кој беа додадени сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за дискриминација. Понатаму, овој термин е употребен и во делот посветен на усвојувањето на „Декларацијата за интеграција на Ромите“ со цел подобрување на нивната состојба во областа на образованието, вработувањето, здравството, домувањето, граѓанската документација и борбата против дискриминацијата.

Според оваа изборна програма, образованието и наставните програми треба да се засноваат на принципите на интеркултурализам, родова еднаквост и недискриминација. Се споменува и родово-заснованата дискриминација на работно место и родово-заснованата дискриминација на пазарот на трудот како една од многуте области во кои сè уште се неопходни значајни подобрувања со цел родова еднаквост. Сепак, програмата подетално го обработува овој сегмент во 2020 година, за разлика од оваа 2024 г., а не се предвидува и усвојување на новиот

35 https://meta.mk/protest-na-crkvata-protiv-zakonite-za-rodot-so-proruski-shmek-galerija/

Закон за спречување и заштита од вознемирување на работното место, ниту негово усогласување со Конвенцијата број 190 на Меѓународната организација за труд за елиминирање на насилството и вознемирувањето во светот на работата[36]. Од голема важност е да се напомене дека, во 2023 година, Република Северна Македонија стана деветтата земја во Европа која ја потпиша и ратификуваше Конвенцијата број 190[37]. Оттука, неопходно е да се предвидат и преземат мерки насочени кон усогласување на македонското законодавство со оваа Конвенција.

Терминот дискриминација во програмата се споменува и во контекст на повеќекратната дискриминација со којашто се соочуваат жените и девојките со попреченост и жените од маргинализираните заедници.

Заложбите на СДСМ во врска со социјалните и родовите политики се видливи на дескриптивно ниво, во рамки на самиот програмски дискурс, кој опфаќа и категории како што се сексуална ориентација и родов идентитет. Во таа насока, заложбите кои се споменуваат во оваа програма се поврзани со родово-базираното насилство, еднакви можности на пазарот на трудот, еднаква застапеност на жените на одлучувачки позиции, сексуално и репродуктивно здравје и права, правата на жената Ромка и др.. Иако постои простор за многу подобрувања, очигледни се севкупните обиди во насока на интегрирање на родовата перспектива во текстот на програмата, вклучително и земањето предвид родово сензитивни наставни содржини, соодветното посочување на родово-базираното насилство, осврнувањето на положбата и правата на жената од ромската заедница, како и беглото споменување на повеќекратната дискриминација на различните групи на жени - како оние со попреченост и оние од маргинализираните заедници, вклучително и дискриминацијата по основ на сексуалната ориентација. Родовата сензитивност на оваа програма во однос на останатите програми е многу повидлива и преку заложбата за зголемено буџетирање за контрацепција во превентивни програми за ранливите и социјално исклучените групи жени, но и преку предвиденото зголемување на буџетите за превенција наменети за жени и ранливи групи, со фокус на лицата заболени од ХИВ. (Во програмата на коалицијата предводена од ВМРО, овие лица се кратко спомнати само во контекст на групи што треба да имаат достапност до информации, на пример.)

36 https://webapps.ilo.org/dyn/normlex/en/f?p=NORMLEXPUB:12100:0::NO::P12100_ILO_CODE:C190
37 https://www.ilo.org/resource/news/north-macedonia-ratifies-ilo-convention-190-eliminating-violence-and

## Анализа на програма na Коалиција ВЛЕН

Употреба на термини (квантитативен преглед/број на спомнувања):

| Род: 0 | Пол: 1 | Жени: 3 | СРЗ[38]: 0 | Дискримин-ација: 0 |
| --- | --- | --- | --- | --- |

**Жени: 3**
**Пол: 1**

Генералниот заклучок од брзата содржинска анализа, со пребарување на клучни зборови, на Програмата на изборната коалиција ВЛЕН,[39] која беше достапна само на албански јазик, е дека воопшто не е напишана на родово-сензитивен јазик, ниту има посебен фокус на правата на жените. На пример, жените како посебна категорија официјално се спомнати само три пати во целата програма, во рамки на предложени економски мерки за бизнисите, квоти за застапеност, како и уште една мерка-ветување за отворање градинки што ќе бидат во целосна надлежност на општините. Додека пак терминот „еднаквост" се спомнува претежно во насока на еднаквост по однос на етничка припадност или регионална распределба. Дополнителната квалитативна анализа на оваа програма го потврдува ова и укажува на тоа дека програмата не става фокус на мерки и ветувања поврзани со содржините што се предмет на оваа анализа, туку повеќе става акцент на правата на Албанците како етничка заедница, без притоа да се бави одделно и со правата на жените Албанки во Република Северна Македонија. Сепак, важно е да се споменат неколку аспекти на оваа програма, особено поради фактот дека оваа коалиција влезе во владејачките структури во овој мандат.

Согласно анализираната содржина, ВЛЕН потенцира дека својата програма ја базира на консензуална демократија во која јасно ќе бидат истакнати слободата на изразување и владеењето на правото, но во рамки на програмата не се фокусираат доволно на мерки и заложби што би го потврдиле ова ветување, а родовата еднаквост воопшто не се спомнува, што не е во согласност со европските практики за кои

38 Сексуално и репродуктивно здравје
39 (во составот на оваа коалиција влегуваат Движењето БЕСА, Алијансата на Албанците и Демократското движење)

декларативно се залага оваа коалиција,[40] особено на локално ниво, каде што всушност и најмногу треба да се делува за да се адресираат нееднаквостите, согласно достапните податоци за статусот на жените и мажите во различни сфери од живеењето, достапноста на јавни услуги кои се релевантни за остварување на родова еднаквост и напорите на општините за промовирање на родово одговорни политики.[41]

Неопходно е да се спомне дека програмата наведува неколку мерки кои се однесуваат на жените и нивното вклучување во општеството, меѓутоа не им дава доволен фокус на овие теми, а недостигаат и конкретни предлози или разработени стратегии за економско јакнење на жените, справување со насилство врз жените, вклучување на жените во носењето на одлуки, како и мерки и предлози за унапредување на сексуалните и репродуктивните права, или пак за инклузивност и справување со нееднаквостите во образованието.

Во однос на економското јакнење на жените, поточно во делот „Добросостојба и економија“, програмата на коалицијата ВЛЕН предвидува „значително зголемување на бројот на градинки под целосна надлежност на општините што би можело позитивно да влијае на вработеноста кај жените и раниот детски развој“. Сепак, оваа мерка е дадена како воопштено ветување и не е поткрепена со конкретни предлози, ниту се користени достапни информации што може да резултираат во поконкретни мерки и одржливи планови. Дополнително, неопходните промени во Законот за работни односи и споделеното родителство воопшто не се споменуваат.

Во слична насока, програмата на коалицијата ВЛЕН исто така ветува намалување на данокот на добивка и други поволности за бизнисите, меѓу кои се наведени и поволни мерки за иселеници кои ќе отворат бизниси во земјата што, меѓу останатото, вклучуваат и приоритетно вработување на млади и жени. Дополнително, во делот поврзан со образование, како мерка за зголемување на вработувањето на жените ВЛЕН ветува отворање градинки што ќе бидат во целосна надлежност на општините. Сепак, недостигаат конкретни мерки за поддршка на женското претприемништво, како и програми за обука и преквалификација кои би можеле да им помогнат на жените да се справат со високата стапка на исклученост од пазарот на трудот.

---

40 Родовата еднаквост е основно човеково право, односно истата лежи во основата на заштитата на човековите права, неопходна е за функционирање на демократијата, за почитување на владеењето на правото, како и за рамномерен економски раст и праведен развој (види, на пример: https://rm.coe.int/168058feef)

41 Види: Реактор – Истражување во акција (2023). Индекс за родова еднаквост на локално ниво, достапно на: https://www.rodovindeks.mk/

Понатаму, Коалицијата ВЛЕН, ветува квоти за подобра застапеност и учество на жените, односно „вклучување на жените во најмалку 40% од сите именувани позиции, на сите нивоа", како и позитивна дискриминација на конкурентни позиции, или како што се наведува во програмата: „во случаи кога бодовите се еднакви, ќе се фаворизира полот кој има помало присуство на секое работно место". Сепак, иако програмата предвидува квоти од 40% за жени на именувани позиции, не гарантира дека жените навистина ќе имаат влијание во процесите на одлучување, а неопходните промени во изборниот законик што требаше да го регулираат ова воопшто не беа земени предвид ниту беа поддржани од партиите пред самите избори.

Иако програмата ветува позитивна дискриминација и квоти за жените, таа не адресира специфични стратегии за спречување на и справување со насилството врз жените. Иако се споменуваат значајни (позитивни) промени во владеењето на правото, програмата не го разгледува истото од родов аспект и не го третира ова прашање воопшто.

**Сексуално и репродуктивно здравје (СРЗ): 0**

Програмата на ВЛЕН ветува и реформи во здравствениот систем, но притоа воопшто не ја спомнува заштитата на сексуалните и репродуктивните права на жените кои се основа за унапредување на родовата еднаквост.

Од друга страна, програмата на ВЛЕН се фокусира на поддршка на млади брачни парови и спречување на нивната миграција. Како што спомнавме, фокусот овде не е на човекови или женски права, туку на намалување на миграцијата генерално. Според програмата, „една од причините за егзилот е неможноста да се најде нов дом, а тоа лесно може да се реши преку Албанската банка на Северна Македонија, но додека оваа банка не биде формирана од владата, ќе се субвенционираат каматите во деловните банки," за што ВЛЕН нуди „кредит со нула камата за домување за млади парови (со просечна возраст под 35 години). Понатаму, меѓу останатото, ВЛЕН исто така наведува дека за секое дете до 18 години семејството ќе добива месечен надоместок од 1.000 денари, со можност за продолжување до 25 години за децата кои посетуваат високо образование. Сепак, нема никакви калкулации ниту согледувања колку навистина може да биде корисна и изведлива ваква мерка.

Во насока на овој фокус на семејството, она што дополнително е впечатливо и треба да се следи понатаму во врска со семејните вредности што се спомнати во оваа програма е планот на ВЛЕН да воведе задолжителен предмет во образовните програми за изучување на семејни и морални

вредности. Според ВЛЕН, „нашите деца и млади луѓе мора да бидат подготвени така што ќе бидат добри специјалисти во различни области и добри и активни членови и граѓани во нивната заедница и свет. За ова, учениците треба да научат важни традиционални и модерни вредности за човечките одговорности, за семејните вредности и важноста на семејството, за заедничките општествени принципи, за должностите и правата на поединците, граѓаните, заедниците, за соживотот и толеранцијата. Целта на нашите училишта треба да биде специјалистот и добриот граѓанин, како и здравото семејство. Во училиштата мора да има борба против омразата, дискриминацијата и неодговорноста."

Сепак, иако оваа програма во голема мера се фокусира на развој на образованието, спортот и културата, воопшто не се наведува како ќе се обезбеди инклузивност и еднаквост, особено за девојчињата и младите жени.

Генерално, може да се заклучи дека анализата на програмата на коалицијата ВЛЕН не е родово сензитивна, не вклучува конкретни и информирани предлози и мерки што ги земаат предвид аспектите што се предмет на оваа анализа,  а содржи и елементи што не се доволно разработени за да може подетално да се анализираат.

## Анализа на програмата на ЛЕВИЦА

Употреба на термини (квантитативен преглед/број на спомнувања):

| Род: 2 | Пол: 2 | Жени: 13 | СРЗ[42]: 1 | Дискримин-ација: 5 |
|---|---|---|---|---|

**Род(ово): 2**
**Пол(ово): 2**

Во програмата на Левица неколку пати се употребуваат терминот „род“ и терминот „пол“, без нивно јасно разграничување. На пример, во врска со женските прашања и „половата“ еднаквост (како што стои во самата програма, во рамки на посебно поглавје насловено токму така), се предвидуваат родово сензитивни мерки и таргетирани политики кои значително ќе ги зголемат правата на жените-домаќинки, со признавање на т.н. „невидлив труд“ во домот и грижата за семејството. Предвидено е и кадровско јакнење на посебното одделение кое постапува во случаите на семејно насилство, полово и родово базирани кривични дела.

Иако програмата предвидува неколку конкретни родово-сензитивни мерки и вклучува заложби што промовираат, т.н., прогресивен лев феминизам, истата недоволно и не секогаш соодветно ги спомнува овие термини, а нуди и предлози што не одат во прилог на намалување на родовите јазови и активација на жените на пазарот на труд (како на пример мерката што подолу е спомната за удвојување на породилното отсуство).

**Жени: 13**
Во програмата на Левица, вклучен е и еден мал сегмент насловен како „Женските прашања и „половата“ еднаквост“, кој става фокус на жените и набројува заложби за кои вели дека се засноваат на и промовираат „прогресивен лев феминизам и унапредување на правата на жените во општеството, преку надминување на патријархалниот морал, културната заостанатост и мизогините ставови“.

42 Сексуално и репродуктивно здравје

Понатаму, програмата предвидува родово сензитивни мерки и таргетирани политики кои се однесуваат на жените во приватниот сектор, како и посебна заштита на мајчинството кај жените работнички, односно мерки поврзани со породилно отсуство, кои според оваа програма поточно подразбираат:

- дуплирање на породилното отсуство (од 9 на 18 месеци);
- враќањето на работа пред истекот на породилното отсуство да не биде порано од шест месеци по раѓањето;
- задолжително враќање на работничката на истото работно место по завршувањето на породилното отсуство;
- флексибилно или скратено работно време за мајките-работнички во период до три години по породилното отсуство, без кратење на плата (преку субвенционирање на трошоците од страна на државата); како и
- воведување на дополнително т.н. татковско отсуство од работа, за новородено дете – во времетраење од половина од породилното отсуство.

Иако се за поздрав поголем дел од наведените заложби за заштита на мајчинството, важно е да се спомне и дека останатите аспекти што се својствени за левиот/марксистички феминизам, како што е правото на избор на жената во однос на бременоста, на пример, не се земени предвид. Притоа, предлогот за удвојување на породилното отсуство за жените е дискутабилен на повеќе основи и може дури и негативно да влијае на родовите јазови во плати и пензии и на активноста на жените на пазарот на труд.

Во рамки на овие ветувања, посебно важна е последната мерка која предвидува подолго времетраење на татковското отсуство, што може да оди во прилог на долгогодишните заложби на граѓанскиот сектор за воведување на системско решение за споделено родителско отсуство согласно европските регулативи според кои треба да се доуреди и Законот за работни односи. За жал, неопходната промена на овој закон не е експлицитно спомната, како што понатаму елаборираме, а е од суштинско значење за уредување на работничките права на сите граѓани и граѓанки и, за жал, како и претходно споменатиот Закон за родова еднаквост, заглавен во институционалните лавиринти веќе подолго време. За да може да се оцени позитивно споменувањето на татковско отсуство, оваа мерка би требало да промовира еднаква одговорност во однос на грижата за децата и модел за родителско отсуство што гарантира целосно платено и непреносливо породилно отсуство за мајката, татковско

отсуство и дополнително споделено родителско отсуство. Отсуството за татковците мора да биде непреносливо, по принципот „искористи го или изгуби го“ што функционирал за мажите низ ЕУ, само доколку отсуството е целосно платено. Ова е една од политичките препораки кои произлегоа од проектот на ЕУ Мажите и грижата – поддршка на работното место за грижлив маскулинитет, преку кој се проучуваше политичкиот контекст на осум земји и деловната околина во шест европски земји, меѓу кои и Република Северна Македонија[43].

Понатаму, програмските заложби на ЛЕВИЦА предвидуваат намалување на максималното времетраење за кое може да се склучи договор за работа на определено време од пет години на шест месеци, и тоа само за сезонски работи. И покрај тоа што оваа мерка би била особено позитивна од аспект на работничките права, вклучително и правата на работничките, сепак таа не е доведена во било каква врска со родово-базираната дискриминација на пазарот на трудот, туку е општа мерка што би ги засегала сите. Дополнително е важно да се напомене дека не е посочена ниту една родова (или воопшто пазарна) анализа што би служела како основа за информирани мерки и политики. Па така, програмските заложби не предвидуваат измена на Законот за работни односи во насока на заштита на бремените работнички од непродолжувањето на нивните договори за вработување на определено време, што за многу жени сѐ уште ја прави бременоста ризичен кариерен потег[44] ниту пак ги споменуваат правните решенија што беа опфатени со последниот предлог-закон за работни односи (како на пример намалувањето на максималното времетраење за кое може да се склучи договор за работа на определено време од пет на две години, што наиде на голем отпор кај работодавачите, на пример)[45].

Во делот од програмата посветен на Државниот инспекторат за труд (ДИТ), предвиден е особен ангажман за ДИТ, со цел да се обезбеди доследно почитување на работничките права, меѓу другото, вклучително и почитувањето на правата кои произлегуваат од бременоста и мајчинството. Иако е за поздрав споменувањето на ДИТ како клучна институција за регулирање на овие состојби, дури се спомнува и

43 Политички препораки – вклучување на мажите во грижата (2022). Достапни на: https://reactor.org.mk/wp-content/uploads/2022/11/MiC_Political_Recommendetions_MK.pdf

44 Лешоска,В. Јолевска,И. Котевска,Б. Малески,Б. (2022). Родово-базирана дискриминација и работнички права во Северна Македонија. Достапно на: https://reactor.org.mk/wp-content/uploads/2022/03/mk_b5-web.pdf

45 Реактор – истражување во акција, заедно со други граѓански организации, долги години застапува за неопходни промени во Законот за работни односи, вклучително и овие поврзани со родителско и породилно отсуство (види: За сечие добро, кон нов модел за родителско отсуство) и намалување на времетраењето на договорите за определено време (види: Став на Мрежата за заштита од дискриминација и Платформата за родова еднаквост за новиот Закон за работните односи). А користени се и сознанија од учеството во дел од работните групи за овој закон, како и на јавната расправа во Клубот на пратеници на почетокот од 2023 година, организирана од страна на Владата (МТСП).

„вработување нови трудови инспектори при ДИТ, со цел овозможување негово поефикасно работење и вршење почести и построги инспекции поврзани со безбедноста и здравјето при работа“, сепак, недостигаат поинформирани предлози за зајакнување на капацитетите на оваа институција во насока на препознавање на сите облици на вознемирување и родово-базирана дискриминација со која се соочуваат жените на работа, односно, недостигаат информирани препораки и мерки поврзани со ДИТ и активностите што треба да ги имплементира на терен.

Понатаму, во линија на работничките права, предвидено е и воведување на шестчасовен работен ден, без негативни импликации врз висината на примањата кои ги примаат работниците, со цел зголемување на продуктивноста и личниот развој, како и намалување на невработеноста. И покрај тоа што оваа мерка повторно е родово неутрална и не е доведена во врска со правата на жените, сепак истата е за поздрав и би можела да има позитивно влијание врз балансирањето на приватните и професионалните обврски на жените во нашата држава, кои, според официјалните пресметки, како што е наведено во националниот извештај од 2021 година посветен на Мажите и грижата, во просек, извршуваат 72,5% од вкупната неплатена работа поврзана со грижа[46]. Ако се земе предвид вкупното време поминато на платена и на неплатена работа, работниот ден на жените во просек е подолг или, поконкретно, 22.9% подолг од работниот ден на мажите, но, за жал, домашната работа посветена на грижа е изоставена од номенклатурата на формалната економија.

Важно е да се спомне дека, во рамките на делот посветен на т.н. „женски прашања“ и „„полова“ еднаквост“ се ветуваат и **родово сензитивни мерки и таргетирани политики кои значително ќе ги зголемат правата на жените домаќинки, со признавање на т.н. „невидлив труд“ во домот и грижата за семејството**, што е мошне важно, но понатаму не се дадени конкретни информирани предлози, па како и кај другите програми, заложбите остануваат на ниво на ветувања без конкретни чекори. Во линија на справување со неплатениот или невидлив труд на жените, за жените-земјоделки од руралните средини се предвидува и платено породилно отсуство, а за жените-занаетчии и жените-стечајки олеснет пристап до бескаматни кредити, со грејс-период, како и други поволности за поттикнување на самовработувањето кај жените, кои не се дополнително образложени.

46 Реактор – истражување во акција (2021). Мажите и грижата (МиГ): Грижлив маскулинитет во Северна Македонија - Национален извештај. Достапен на: https://reactor.org.mk/wp-content/uploads/2022/11/menincare_web_mk.pdf

Како и во програмите на изборните коалиции предводени од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, дел од заложбите на ЛЕВИЦА се однесуваат на жените земјоделки преку таргетирано зголемување на субвенционирањето за здрава храна и органско производство, со воведување платено породилно отсуство на жените земјоделки од руралните средини и давање на други погодности на селските жени. Понатаму, мерка која се наведува во програмата на ЛЕВИЦА во однос на прашањето на земјоделките се едукативните центри за менторска поддршка. При ваквото недоволно образложување на другите погодности предвидени за селските жени, слично како и во програмите на останатите партии, станува збор за генерализација на различните групи на жените и нивните потреби.

Социјалната политика на ЛЕВИЦА главно подразбира згрижување на лицата кои страдаат од сиромаштија, но и на жртвите на семејно насилство и сексуално насилство. Во случајот на сексуално насилство и трговија со луѓе, би требало да се вметне и родово-базирано насилство, со цел да се потенцираат и други типови на насилство кои, за жал, се присутни, но и да се одвојат жените како засебна ранлива категорија, чии предизвици и потреби се различни од останатите ранливи групи, особено ако се земат предвид официјалните статистики кои покажуваат дека најголем дел од жртвите на семејно или интимно-партнерско насилство се жени[47].

Во делот од програмата посветен на „јавна безбедност и народна одбрана“, се предвидува кадровско јакнење на посебното одделение кое постапува во случаите на семејно насилство, полово и родово-базирани кривични дела. Иако без дополнително објаснување за тоа кои се овие полово и родово базирани кривични дела, сепак очигледно е дека креатори(к)ите на програмата се свесни за разликата помеѓу категориите на пол и род, но никаде, ниту пред, ниту потоа во текстот овие две категории не се јасно одвоени.

### (~~Сексуално и~~) репродуктивно здравје: 1

Во рамки на посебниот дел посветен на. „женските прашања“, програмата на Левица вклучува и една заложба за воведување на незадолжително менструално отсуство од работа и даночни олеснувањe за производи кои се корисни за менструалната хигиена и репродуктивното здравје на жените.

47 https://www.stat.gov.mk/publikacii/2023/ZeniteMazite_2023.pdf

**Дискриминација: 5**
Во политичката програма на ЛЕВИЦА, терминот дискриминација е, пред сѐ, употребен во заложбата за укинување на принципот на позитивна дискриминација по „етнички клуч“ и воведување на „социјална позитивна дискриминација“ при вработување во јавниот сектор, под што креаторите на програмата подразбираат давање предност на децата без родители, децата од социјално загрозени семејства, децата на стечајците, децата на сиромашните и слично.

Во поглед на граѓанските и политичките слободи и права, програмските заложби на ЛЕВИЦА ветуваат воведување на можност за регистрирање на граѓански партнерства, продолжувајќи со објаснување/ограничување дека целта е регулирање на имотните односи меѓу партнерите, што може да се спомне како корисна мерка иако не е експлицитно наведено дали истата има родово-сензитивна позадина, бидејќи официјалните статистики јасно укажуваат на тоа дека жените сѐ уште се дискриминирани во однос на наследување и сопственишто на имот[48]. Дополнително, во овој дел од програмата ЛЕВИЦА споменуваат и дека е неопходно да се работи на надминување на хомофобичните ставови, дискриминацијата и стигматизацијата „на припадниците на ЛГБТ заедницата“. Но, немаат посебни заложби во оваа насока.

Во делот од програмата насловен како „Правобранителство“, предвидено е пренесување на ингеренциите на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) и нивно трансформирање како посебни единици/одделенија во рамки на институцијата Народен правобранител. Не е дополнително образложено од која причина е предложена оваа мерка, која е особено загрижувачка имајќи ја предвид надлежноста, активностите и самостојноста на овие две тела, како и ингеренциите на Народниот правобранител. Имено, Народниот правобранител постапува при повреда на правата на граѓаните единствено од страна на државните и јавните органи, организации и институции, а не и при повреда сторена од страна на приватни субјекти[49]. Иако во претходните програми воопшто не дадовме акцент на

48 Реактор – истражување во акција (2022). Родова статистика и вградување на родова перспектива во статистичкиот систем на Република Северна Македонија – краток бриф; достапно на: https://reactor.org.mk/publication-all/родова-статистика-и-вградување-на-род)
49 Закон за народниот правобранител. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/03, 114/09, 181/16, 189/16 и 35/18. Член 2.

анализа на деловите што може да адресираат прашања поврзани со граѓанскиот сектор и граѓанското учество, овде сметаме дека мораме да посочиме еден сериозен момент што не оди во прилог на развој на граѓанскиот сектор и партиципативната демократија. Имено, од аспект на функционирањето на граѓанскиот сектор, како еден од клучните показатели за функционирањето на демократското општество во рамки на критериумите за пристапување кон ЕУ, особено загрижувачки се заложбите на ЛЕВИЦА предвидени во делот насловен како „Невладин сектор“. Користејќи ја целосно истата формулација како и на предвремените парламентарни избори во 2020 година[50], ЛЕВИЦА се залага за „десоросоидизација на граѓанскиот сектор во Македонија, преку санкционирање на ширењето политичка пропаганда платена со странски пари, а спроведена преку домашни „тинк-тенкови“ и невладини организации“. Дополнително, предвидена е „забрана за финансирање на НВО од странски донации и надворешни извори на приходи (пр. амбасади на други држави)“. Предвидена е и забрана за „финансирање на НВО со јавни буџетски пари (од републичкиот или од општинските буџети) – освен за т.н. приоритетни стратешки области, кои би ги утврдувала Владата на годишно ниво“. Како што беше констатирано и во анализата од 2020 година, овој пристап е опасен за самиот демократски развој на едно општество и дополнително го стеснува просторот за функционирање на граѓанското општество. Ваквите заложби се особено загрижувачки и од аспект на родовата еднаквост, бидејќи токму граѓанскиот сектор е тој што со години е на првата линија за справување со нееднаквостите, вклучително и застапување и подобрување на состојбите со „женските прашања“, како што Левица ги насловува во својата програма, но и од аспект на просторот за функционирање и одржливоста на граѓанските организации кои работат во оваа и во други области, а кои неретко обезбедуваат неопходни социјални, здравствени, едукативни и други сервиси и услуги за жените и за сите други лица на кои им се потребни, а особено за најранливите[51].

На крај, мораме да потенцираме дека и Левица не користи родово сензитивен јазик во останатите делови од програмата, па слично како и во случајот на програмата на коалицијата предводена од ВМРО, сите други мерки и заложби се однесуваат на „работникот“ но не и на „работничката“, или. На граѓанинот, но не и на „граѓанката“, што секако може да биде дополнителен предмет на сензитивизација во име на вклучување на уште

50 Реактор – истражување во акција (2020). Осврт на родовиот аспект во програмите и изборните листи на политичките партии за предвремените парламентарни избори 2020. Достапно на: https://bit.ly/4dXKa3g
51 Ibid.

една половина од популацијата што живее во земјата, односно во име на земање предвид на различностите што може да ги носат и со кои се справуваат жените во различни области и сектори. Оттаму можеме да заклучиме дека и оваа програма не успева да биде родово-сензитивна бидејќи не користи родово-сензитивен јазик доследно и во рамки на сите опфатени сегменти на делување.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ПО ОДНОС НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОГРАМИ ЗА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ

**Родово-сензитивниот јазик** е директен указ за уважувањето и почитта кон идентитетскиот диверзивизам на родовите искуства. Ваквиот родово сензитивен јазик промовира инклузивно општество каде индивидуите можат автентично да се изразат себеси и да одлучуваат целосно без страв од дискриминација. Дополнително, бидејќи принципот на родова еднаквост и недискриминација по основ на род е длабоко втемелен во Договорите и Повелбата за фундаменталните права на Европската унија и во многу прилики е поддржан од страна на Европскиот парламент[52], неопходно е истиот да се почитува и да се користи родово-сензитивен, или уште наречен родово-инклузивен, јазик во програмите на партиите кои претендираат да раководат со земја што е на патот да стане членка на Европската унија.

Генерално, родово-сензитивниот јазик изостанува во голема мера, во сите анализирани програми, а терминот род во најголема мера се користи во програмата на коалицијата предводена од СДСМ, потоа, во многу помала мера, во политичката програма на ЛЕВИЦА, а најмалку или воопшто не се спомнува во програмата на изборната коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ и на ВЛЕН, додека пак останатите анализирани програми немаат никакви родово-сензитивни обележја за да можат да бидат предмет на подетална анализа. Имено, СДСМ иако недоволно, доста соодветно го користи терминот „род“ во различните контексти, како на пример, насилство, еднаквост и сл. Во програмата на ВМРО-ДПМНЕ, пак (како и во таа на ВЛЕН), воопшто не се употребува терминот „род“ и се зборува исклучиво за „полова рамноправност“. Од друга страна, ЛЕВИЦА, иако се осврнува на родово-базирано насилство, со што го препознава родот како категорија, сепак низ останатиот текст од програмата ја користи синтагмата „полова еднаквост“. Разликата помеѓу „род“ и „пол“ треба да биде препознаена и да се разграничува користењето на овие категории, а нивната наизменична употреба може да имплицира недоволна упатеност или пак свесна одлука за непризнавање на разликата помеѓу овие две категории, што се коси со постоечките правни документи и меѓународните повелби. Во оваа насока, јасните дефиниции на Истанбулската конвенција, но и на домашното законодавство, за тоа што е „род“, „родово базирано

52 https://www.europarl.europa.eu/cmsdata/151780/GNL_Guidelines_EN.pdf

насилство“ и „домашно насилство“ не оставаат простор за игра или замена на зборови. Со ратификувањето на Истанбулската конвенција, секој субјект има обврска да ги земе предвид, да ги почитува и да ги имплементира нејзините одредби. Во таа насока, ниту во Конвенцијата е тоа случај, ниту во програмите на политичките партии би требало да стане збор единствено за „полово насилство“.

Еден од клучните показатели за степенот на посветеност на програмите во однос на родовата еднаквост и спречувањето на родово-базираното насилство врз жените е токму Истанбулската конвенција и нејзината имплементација преку конкретни механизми. Во програмата на ЛЕВИЦА, терминот насилство се споменува севкупно 11 пати, од кои најголем дел се однесува на семејното насилство, меѓуврсничкото насилство, а само по еднаш се споменуваат сексуалното насилство и родово базираното и/или насилство врз жените. Во програмата на ВМРО-ДПМНЕ, терминот насилство се споменува 29 пати, од кои покрај меѓуврсничкото насилство и семејното насилство, станува збор и за насилство врз жени, но во контекст на полово, а не и родово-базирано насилство. Исчекор во однос на делот од програмата посветен на спречувањето на насилство се забележува во програмските заложби на СДСМ каде што од вкупно 29 пати, употребениот термин „насилство“ девет пати се однесува на родово-базираното насилство. Притоа, во оваа политичка програма се прави јасна дистинкција помеѓу семејното и родово базираното насилство, како и насилството врз жени.

Со ограничениот пристап при дефинирање и разлачување на различните форми на насилство, и поконкретно со отфрлањето на родот како концепт во програмите на ЛЕВИЦА и особено на ВМРО-ДПМНЕ, се јавува дополнителна опасност што може да резултира со ограничени механизми за справување со родово-базираното насилство.

По однос на справувањето со различните форми на насилство, во изборната програма на ЛЕВИЦА се предлага кадровско јакнење на посебното одделение кое постапува во случаите на семејно насилство, полово и родово базирани кривични дела, и организирана институционална помош од страна на обучени професионалци на лицата жртви на злоупотреби и сексуално насилство („трговија со луѓе“), како и екстензивни јавни кампањи против сексуалното вознемирување на работното место. Од друга страна, преку програмата на изборната коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ се предлага зголемување на казните за кривичните дела поврзани со педофилија и семејно насилство, подигање на свеста со цел надминување на насилството, како и поддржување на мерките за

заштита на жените жртви на насилство, но и отворање на нови центри и мултисекторски општински тимови за заштита на жртвите од семејно насилство. И оваа програма предвидува зајакнување на капацитетите на професионалните работници во центрите за насилство. Во политичката програма на СДСМ во значително поголема мера се вклучени заложби за превенција на родово-базирано насилство. Сепак, она што најмногу недостасува во анализираните програми во однос на родово-базираното насилство (но и во однос на други делови, за кои подоцна ќе стане збор) е токму интерсекционалноста. Вреден да се забележи, како поконкретна заложба што зема предвид и интерсекциски елементи и други фактори во рамки на појавата на и справувањето со родово-базираното насилство, е онлајн пристапот спомнат во програмата на СДСМ што би можел да ги направи подостапни центрите за советување за сите оние лица кои поради различни причини се оневозможени физички да ги посетат, но и од аспект на намалување на социјалниот притисок и чувството на срам кај жртвите. Интерсекционалноста се однесува на различната и комплексна повеќеслојна структура на дискриминација, која може да биде во корелација со класата, родот, полот, верската припадност, сексуалната ориентација и други дискриминаторски основи, што се истовремено и нераздела поврзани. Таа поаѓа од премисата дека луѓето живеат повеќекратни и слоевити идентитети што потекнуваат од општествените односи, историјата и функционирањето на структурите на моќ[53]. Самиот термин „жена" не појаснува дека ги опфаќа сите различни групи на жени во нашата држава, кои токму поради различните идентитетски компоненти, на различен начин и степен се изложени на одреден вид насилство и поради тоа треба да се таргетираат издвоено во програми за справување и превенција на истото. Така, не само што одредени групи на жени се повеќе изложени на насилство од другите (на пример, жените и девојките со попреченост[54], сексуалните работнички[55]), туку дополнително и самиот простор во кој истите творат и живеат може различно да им влијае и да игра улога во родово базираното насилство[56]. Затоа неопходно е да се предвидат и преземат мерки со кои би се опфатиле сите различни групи на жени како жртви на родово-базирано насилство, односно, во склад со една од целите на Истанбулската конвенција, да се создаде сеопфатна рамка на политики и мерки за заштита и помош на сите жртви на насилство врз

53 Интерсекционалност – речник на Европскиот институт за родова еднаквост (ЕИГЕ). Достапно на: https://eige.europa.eu/publications-resources/thesaurus/terms/1050?language_content_entity=mk

54 Димитровска, Н. Кочоска, Е. (2022) Истражувачки извештај – Превенција на родово базирано насилство врз жени и девојки со попреченост. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/5/d/513253_0.pdf

55 Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ (2017). Водич за заштита на сексуалните работници од насилство. Достапно на: https://esem.mk/pdf/Publikacii/2017/ESE%20Vodic%20za%20sex%20rab%20A6%20052017.pdf

56 Реактор – истражување во акција (2020). Родово-базирано насилство на јавни места во Скопје Студија на опсег. Достапно на: https://reactor.org.mk/wp-content/uploads/2020/11/Reaktor-rodovo-bazirano-nasilstvo-MKD-web.pdf

жените и домашно насилство[57]. Во таа насока, освен споменувањето во програмата на СДСМ на унапредување на законската рамка во врска со родово базирано насилство, како и потсетувањето за повеќекратната дискриминација со којашто се соочуваат жените и девојките со попреченост и жените од маргинализираните заедници, може да се заклучи дека анализираните програми не образложуваат нови мерки за спречување на и заштита од родово базирано насилство.

Горенаведените забелешки во однос на интерсекционалноста на родовите прашања се однесуваат и на мерките за економско јакнење на жени. Додека сите подетално анализирани програми на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ЛЕВИЦА имаат опфатено различни мерки или агли во однос на заложбата за економско јакнење на жените (подетално обработени во овој документ), заедничката точка околу која сите три програми имаат делумно ист став се однесува на *жените земјоделки од руралните средини* и регулирањето на нивното породилното отсуство. Оттаму, може да заклучиме дека сите ја препознаваат долгогодишната неповолна положба на жените земјоделки од руралните средини, но и дополнително да ја нагласиме потребата за родовата интерсекционалност при изготвување и спроведување на законите и политиките. Неодамнешните индивидуални мислења по претставки доставени во КСЗД со кои се утврдува индиректна, продолжена, интерсекциска дискриминација на земјоделките со потекло од рурални средини[58], токму во врска со остварување на правото на надоместок на плата за време на отсуство поради бременост, раѓање и родителство, укажува на нужноста од реална заложба и системско решение за породилното отсуство на жените земјоделки и потребата од посветување поголемо внимание и конкретни мерки за оваа група на жени во сите изборни програми. Во програмата на ВЛЕН, нема посебни мерки поврзани со оваа категорија и недостига посериозна посветеност на родовите прашања или на еднаквоста помеѓу мажите и жените.

Еден од начините за искоренување на интерсекциската дискриминација е преку **вклучување на жените во процесите на носење на одлуки** (на локално и национално ниво). Различните групи на жени во секое општество имаат различни искуства и токму тие можат да придонесат за нови перспективи за намалување на родовиот јаз во разни сфери и отворање на одредени прашања во врска со родово-базираното насилство, неплатениот труд, родово-базираната дискриминација, особено за време на бременоста и слично. Учеството на жените во клучните процеси на креирање одлуки е

57 Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство. Достапна на: https://rm.coe.int/168046253a
58 Мислење на КСЗД број 08-119/3 од 03.03.2023 година, достапно на: https://bit.ly/3yr0bhP

предвидено и со интернационалната Пекиншката декларација и платформа за акција, чија потписничка е и нашата земја. Сепак, во програмите на ЛЕВИЦА и ВМРО-ДПМНЕ воопшто не се среќаваат конкретни заложби, ниту мерки за еднаква застапеност на жените на одлучувачки позиции. Во програмата на СДСМ се среќаваат заложби за запазување на принципот 50-50 за пратенички и советнички листи, задолжителни 30 посто жени кандидати градоначалнички, како и ревидирање на правната рамка со цел да се обезбедат најмалку 40% жени на сите извршни функции и 50-50 застапеност во парламентот. Дополнително, предвидено е зголемување на застапеноста на жените во органите на управување. За остварување на овие мерки се предвидуваат посебни обуки за поуспешно учество и остварување на лидерски позиции во политичките партии и разни владини органи. Значајно е да се напомене дека овие изборни ветувања биле присутни и во програмата на СДСМ за предвремените парламентарни избори во 2020 година[59] но истите не биле исполнети. И програмата на ВЛЕН, иако кратко и без понатамошни образложенија, предвидува квоти од 40% на сите именувани позиции, но истата не нуди конкретни мерки за ова ниту пак предвидува измени на изборниот законик.

Во однос на сексуалните и репродуктивни права на жените во програмите на политичките партии, барем во оние во кои се воопшто спомнати, најмалку внимание е посветено од страна на ЛЕВИЦА, која во една од заложбите предлага воведување на незадолжително менструално отсуство од работа и даночни олеснување за производи кои се корисни за менструалната хигиена и репродуктивното здравје на жените, што е секако за поздрав но не и доволно за посеопфатен напредок на ова поле. Она што недостасува е правото на употреба и пристап до контрацептивни средства, како и механизмите (или барем заложбите) за унапредување на состојбите со сексуалните и репродуктивни права на жените од маргинализираните групи. Програмските заложби на ВМРО-ДПМНЕ на ова поле се за нијанса подобри од оние на ЛЕВИЦА, затоа што покрај здравствена заштита и пристап до соодветни здравствени услуги, со посебен акцент на унапредување на репродуктивното здравје на жената, наведени се и пристап до информации, посебно кај социјално-ранливите групи за ХИВ/СИДА и други сексуално преносливи инфекции, за абортус, инфертилитет и малигни заболувања на дојка и матка, како и подигањето на свеста за женското здравје. Меѓутоа, мора да се посочи дека пристапот до информации не е доволен сам по себе за да се адресираат овие прашања соодветно понатаму и да се заштитат соодветно споменатите групи. За

59 Реактор – истражување во акција (2020). Осврт на родовиот аспект во програмите и изборните листи на политичките партии за предвремените парламентарни избори 2020. Достапно на: https://bit.ly/4dXKa3g

СДСМ *сексуално и репродуктивно здравје и права*, подразбира инвестирање во образованието и програми чијашто цел е зајакнување, особено на младите жени и девојки, да направат избор заснован врз информации. Понатаму, се предвидува обезбедување на контрацептивни средства на позитивна листа на ФЗОМ и зголемување на буџетот за контрацепција во превентивни програми за ранливите и социјално исклучените групи жени. Дополнително, предвидено е зголемување на буџетите за превенција наменети за жени и ранливи групи, со фокус на програмата за заштита на населението од ХИВ, програмата за превенција од малигни заболувања и програмата за заштита на мајките и децата. Сепак, и покрај овие програмски заложби, значајно е да се потенцира дека властите во изминатите години во повеќе наврати и во значителна мера го намалија буџетот предвиден за програмата за заштита на населението од ХИВ[60]. Групата на жени на која ниту една од програмите не обрнува внимание се токму сексуалните работнички, што е дел од глобалниот проблем во однос на непочитувањето на правата на сексуалните работници и работнички[61].

Образованието игра важна улога во креирањето на јавното мислење и обликувањето на поединците, но и на колективот. Самите наставни програми, но и процесот на социјализација ги припремаат ученичките и учениците за справување со разни предизвици како во приватната, така и во јавната сфера, како на индивидуално, така и на професионално ниво. За да се постигне родова еднаквост во и преку образованието потребни се повеќе мерки, како подеднаков пристап до образование на сите малолетни лица без разлика на нивните различности, ревидирање на наставните содржини и отстранување на стереотипните елементи и воведување на сеопфатно сексуално образование, кое се однесува на психо-физичкиот и емоционалниот развој на младите, со акцент на одговорност за себе и останатите, од аспект на сексуалноста.

Од анализираните програми, на инклузивност во образованието најмалку внимание посветува ЛЕВИЦА (и ВЛЕН, кои воопшто не се бават со ова прашање подетално). Во изборната програма на Левица, содржани се заложби во однос на инклузивност на ромската заедница во образованието, како и на лицата со попреченост, но родовиот аспект ниту еднаш не е споменат во контекст на основното, средното или високото образование.
Мерките на ВМРО-ДПМНЕ воопшто не споменуваат сексуално образование, ниту се фокусираат на било каква измена на наставните содржини. Инклузивноста, од нивна страна се однесува на девојчињата

60 „Заштедата" од 19 милиони денари за спречување на ХИВ, ризик за нова здравствена криза – ПИНА, објавено на 29.03.2022 година, достапно на: https://pina.mk/5909-zashtedata-od-19-milioni-denari-za-sprecuvanje-na-hiv-rizik-za-nova-zdravstvena-kriza/
61 СТАР – Прв колектив на сексуални работници на Балканот, Стратешки план 2022-2025, достапно на: https://bit.ly/44VWMDW

и маргинализираните групи кои се помалку застапени од момчињата во основното образование. Во однос на намалување на родовиот јаз во научната и професионалната сфера, се предлагаат кариерни советувалишта за девојчињата. Подобрувањето на квалитетот на самите наставни програми, кои ги обликуваат и умствените и социјалните карактеристики и капацитети на учениците и ученичките, би можело да има далеку поголемо влијание врз младите, отколку повременето советување. Советувањето (од овој тип, како што предлага програмата на ВМРО-ДПМНЕ) има улога на насочување, додека пак самиот образовен процес има улога на креирање, моделирање, па дури и утврдување на аспекти, ставови, уверувања, а често и заблуди, за жал. Понатаму, исто така, не е наведено каков профил на работници/работнички ќе бидат дел од овие кариерни советувалишта. Во програмата на ВМРО-ДПМНЕ не станува збор за било какви родово сензитивни содржини во основното и средното образование или пак родови студии на универзитетите. Не е објаснет ниту механизмот на спроведување на инклузивноста на девојчињата и маргинализираните групи, што би ни посочило имплицитно за причините за ваквата помала застапеност.

Најмногу мерки за инклузивноста во образованието се среќаваат во програмата на СДСМ. Почнувајќи од општите заложби за принципите на интеркултурализам, родова еднаквост и недискриминација, на кои наставните содржини треба да се засноваат, преку предвидените мерки за отстранувањето на бариерите и создавање можности за жените и ранливите групи да пристапат до образование, до разбирањето на сексуалноста низ процесот на сеопфатното сексуално образование, со цел позитивно влијание врз: социјалните вештини, самодовербата кај младите и носењето одлуки за градење здрави, ненасилни врски. Како и програмата на ЛЕВИЦА, и во програмата на СДСМ дополнително ги зема предвид предизвиците и препреките со кои се соочуваат Ромките. Оттука, една од програмските заложби е токму достапно и пристапно образование коешто ќе ја охрабри жената Ромка и ќе ѝ помогне да излезе од ризикот да западне во сиромаштија. Понатаму, во програмата на СДСМ се предвидува и воведување на ССО во училиштата, како и загарантиран еднаков пристап до образованието без разлика на социјалниот статус, местото на живеење, етничката припадност, сексуалната ориентација и родовиот идентитет, интелектуалната или физичка попреченост. Иако заложбите на СДСМ се значително подобри во споредба со програмите на ВМРО-ДПМНЕ и ЛЕВИЦА, сепак, при внимателното читање на мерките за остварување на овие заложби се забележуваат одредени недоследности. На пример, не е наведено кои точно програми и во кој степен на образование би требало да се имплементираат новите родово сензитивни наставни содржини.

Конечно, не е детално образложено на кој начин се предвидува да се надмине проблемот со недостапноста на образованието на ромските заедници.

Во насока на изминатиот политички ангажман, како и низ предложените мерки за претстојниот период, програмата на СДСМ е во поголема мера родово сензитивна во споредба со изборните програми на ЛЕВИЦА и коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Низ децидните ставови и мерки како што се спротивставување на антиродовите движења, Закон за прекин на бременоста, сеопфатно сексуално образование и слично, СДСМ покажува значително поголем интерес за родовиот контекст во македонското општество. Дополнително, СДСМ, за разлика од програмите на останатите политички партии во значително поголема мера споменуваат мерки и механизми за родови прашања и даваат поголем акцент на правата на жената Ромка.

Во однос на родово-базираното, насилството врз жени и семејното насилство, неопходно е да се спомне дека во претходните предизборни периоди, поточно пред изборите во 2016 година, Декларацијата за ратификување на Истанбулската конвенција, изготвена од страна на Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, беше поддржана и потпишана и од страна на повеќе партии[62], вклучително и Левица, сепак нивните заложби за справување и спречување на насилството врз жените не се во согласност со ставките од Истанбулската конвенција, пред сè во поглед на родово-сензитивниот јазик, но и во поглед на самите мерки.

Уште повеќе, Декларацијата за измена на Законот за прекинување на бременоста и обезбедување заштита на здравјето и на репродуктивните права на жената, од истата година, изготвена од страна на Платформата за родова еднаквост, исто така беше потпишана од страна на повеќе партии, вклучително и ЛЕВИЦА, но во рамки на овогодинешните програмски мерки нема поголеми заложби по ова прашање и споменатите ветувања се ограничени и скоро исклучиво поврзани со еден мал сегмент од репродуктивните права на жената. Ова е неопходно да се потенцира повторно, токму поради споменатите анти-родови движења

62 Декларацијата со која партиите се залагаа дека доколку дојдат на власт ќе ја ратификуваат Конвенцијата, беше поддржана и потпишана од страна на: Левица, СДСМ, ДУИ, Демократскиот сојуз, Либералната партија и Движењето Беса и Унитети. Декларацијата не беше потпишана од страна на ВМРО – ДПМНЕ. Декларацијата за измена на Законот за прекинување на бременоста и обезбедување заштита на здравјето и на репродуктивните права на жената, изготвена од страна на Платформата за родова еднаквост, со која партиите се залагаа дека, доколку дојдат на власт, ќе ги променат рестриктивните одредби во Законот, со цел слободен избор и пристап до безбеден абортус, беше потпишана од страна на: Левица, СДСМ и Либералната партија. ВМРО–ДПМНЕ, ДУИ, Демократскиот Сојуз, Движењето Беса и Унитети ја немаат потпишано оваа декларација.

и ограничувањето на просторот за еднакви права и слободи што истите можат да го донесат, особено во насока на сексуалните и репродуктивните права на жените, но и во насока на нивното учество во јавната сфера, како и поради фактот дека оваа закана по демократијата и правата на жените и маргинализираните групи е спомната само во програмата на СДСМ.

Истото се однесува и на програмата на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, иако тие воопшто не беа потписници на горенаведените декларации, што е сѐ уште загрижувачки фактор, особено имајќи предвид дека во моментов ВМРО-ДПМНЕ е предводник на владејачката коалиција со поголемо мнозинство во составот на Владата на Република Македонија. Она што е важно да се забележи е дека покрај целосно различниот пристап во програмите на сите партии, има бројни сличности во однос на општи заложби во однос на инфраструктура, енергетика, дигитализација и слични области. Сепак, во однос на родовата еднаквост има сосем малку сличности што го наметнува заклучокот дека е неопходна поголема родова сензитивност на партиите, особено преку обуки и соработка со граѓанскиот сектор, како и примена на поструктуриран и системски пристап кон прашањата поврзани со родовата еднаквост и правата на жените и девојчињата. Немањето барем сличен став за женските прашања само ја потенцира разновидноста и обемот на предизвиците со кои жените (покрај останатите) се соочуваат, како и нужноста за системски пристап кон справување на овие различни проблеми. Дополнително, недостатокот од конкретни механизми присутен и во повеќето програми и останувањето на општи заложби без предлагање на поинформирани решенија, ја нагласува потребата од наобразба на партиските членови во врска со родовите прашања и нивно посериозно бавење со овие теми на ниво на вистинска посветеност, не само на ниво на ветувања без конкретни чекори за остварување на истите. Целта на ваквите обуки би била да се спознае важноста на социо-економска инклузија на жените и општите придобивки од подобрувањето на статусот на жената во македонското општество. Последиците од нееднаквиот пристап на една група во општеството (во случај на жените, што сочинуваат половина од популацијата) се јасно видливи во постоечките јазови и нееднаквости, но и имплицитни за развојот на целото општество. Родовата дискриминација, иако на прв поглед се однесува на жените, кои почесто се соочувале и сѐ уште се соочуваат со нееднаков пристап, се екстраполира и во останатите општествени сфери, а нејзиното разбирање е еднакво важно како за жените, така и за мажите и за целокупната добросостојба во општеството. Чекор понатаму, разбирањето на родот како сложена категорија претпоставува и разбирање на родовата интерсекционалност и неопходност од истата, што најмногу недостасува во повеќето политички програми што се предмет на оваа анализа.

# КРАТОК ОСВРТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОГРАМИ НА КАНДИДАТИТЕ КОИ ВЛЕГОА ВО ВТОРИОТ КРУГ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ ИЗБОРИ 2024 ГОДИНА

(дополнителен преглед, согласно паралелните изборни процеси што се случија во 2024 год.)

Во овој дел од анализата се разгледани заложбите за родова еднаквост на кандидатите од овогодишните претседателски избори кои, во моментот на подготвување на оваа анализа, влегоа во вториот изборен круг: Гордана Силјановска Давкова (поддржана од страна на ВМРО-ДПМНЕ) и Стево Пендаровски (како претставник на СДСМ).

Двајцата кандидати генерално ги изразија своите ставови и ветувања во значително пократки содржини од оние на политичките партии. Силјановска Давкова ги сподели принципите на делување на 40 страни, а Пендаровски во изборната програма од 28 страни. Овде треба да се напомене дека заложбите на Стево Пендаровски не ги отсликуваат секогаш ставовите и мерките претставени во изборната програма на СДСМ, а се забележува и разлика во мислењата и ставовите на Гордана Силјановска Давкова и програмата на ВМРО-ДПМНЕ. Дополнително, значајно би било да се нагласи дека уште пред кандидатурата за претседателка, Силјановска Давкова го прекина нејзиното партиско членство.

Општиот заклучок од кратката анализа на овие претседателски програми е дека прашањата поврзани со женските права, родовите нееднаквости и дискриминацијата по основ на род заземаат еден мал дел од самите програми и не нудат посериозна содржина за анализа што може да биде предмет на овој документ.

**Гордана Силјановска Давкова**

Во својата изборна програма, Силјановска Давкова нагласува дека ќе го следи уставниот принцип на правична и соодветна застапеност, а составувањето на Кабинетот ќе го води според начелото на инклузивност и социјална правда, со почитување на родовата димензија и водење сметка за лицата со посебни потреби. Едно од отстапувањата (во позитивна насока) на политичката програма на претседателската кандидатка Силјановска Давкова во поглед на изборната програма на ВМРО-ДПМНЕ е токму во употребата на терминот „род“. Употребата на родово сензитивниот јазик од страна на Гордана Силјановска Давкова може да се забележи во нејзиното обраќање од позиција на претседателка (а не на претседател, иако изборниот слоган во програмата гласи „Гордана за претседател“), до сите граѓанки и граѓани, притоа споменувајќи ги и малцинските групи. Понатаму, таа ветува дека Советот за безбедност ќе се осврне на три прашања, за кои самата кандидатка нагласува дека мора посебно да се развиваат во нејзиниот мандат. Едно од овие клучни прашања се жените, мирот и безбедноста (покрај одбраната на интернет и загадувањето како закана на националната безбедност). Во програмата на Силјановска Давкова се посочува уште еден битен момент поврзан со овие прашања, односно се наведува дека акциските планови на националните институции за Стратегијата за спроведување на Конвенцијата на ООН 1325 не се доволно развиени. Понатаму, наведено е дека во земјата и регионот има многу малку истражувања, свест и знаење, како и практики за жени, мир и безбедност. Следствено, во својот мандат, Силјановска Давкова планира основање на регионален Центар за извонредност за жени, мир и безбедност во соработка со НАТО и промоција на жените во безбедноста и одбраната.

Силјановска Давкова се осврнува и на бројните тешкотии со кои ромската заедница се соочува, како невработеноста, посебно кај жените Ромки, дискриминацијата и нееднаквиот третман од страна на здравствените работници и здравјето на жените, за што нагласува дека надворешната помош за ромската заедница треба да биде домашна агенда. Во програмата се наведува дека таа во својот мандат ќе даде силна поддршка за спроведување на Стратегијата за Ромите 2022-2030 и на националните акциски планови.

По однос на изборот на дипломати, што е исто така тематски насочено кон споменатата Конвенција 1325, кандидатката Силјановска Давкова наведува дека ќе се залага за правична застапеност по сите основи, вклучително и „полова“, и покрај тоа што овој дел од програмата е

насловен како „Професионализација и родова рамноправност во дипломатската служба“. Сметаме дека посоодветно би било да се користи терминот „родова“ овде, во име на усогласување на терминологијата и вклучување на поширок спектар социјални аспекти што може да влијаат на правичната застапеност. Во програмата на претседателската кандидатка Силјановска Давкова, почитувањето на родовата димензија/рамноправност е споменато во однос на составувањето на Кабинетот и изборот на дипломати. Контекстот во кој се споменати жените е поврзан со жени, мир и безбедност и Конвенцијата 1325, а вклучени се и заложби по однос на жените Ромки. Во останатиот дел од оваа изборна програма не се споменуваат жените, ниту се вклучени дополнителни заложби во врска со родовата еднаквост.

**Стево Пендаровски**

Во текстот на изборната програма на претседателскиот кандидат Стево Пендаровски, главно се набројуваат заложбите, веќе сработените активности што се значајни според него, како и неговиот пристап кон различните групи на граѓани. Иако се забележуваат одредени дискурзивни пропусти во однос на родово-сензитивниот јазик, како и во останатите програми (секогаш станува збор за граѓани, а никогаш за граѓанки и не се споменува родот како категорија), она што може да се оцени како позитивно е посочувањето на фактот дека еден од приоритетите во изминатите пет години, односно за време на претходниот мандат на Стево Пендаровски како Претседател, била поддршката на борбата за достоинство и права на луѓето, вклучително и оние со различна сексуална ориентација. Според програмата, Пендаровски ветува дека ќе продолжи со истата заложба ќе продолжи и во наредниот мандат, доколку биде избран, и тоа токму преку јавна поддршка на работата на формалните и неформалните асоцијации на луѓето со различна сексуална ориентација и родов идентитет. Во оваа насока, конкретниот пристап што го нуди е преку поддршка на работата на институциите за превенција од дискриминација и негативната пропаганда против овие лица и нивниот начин на живот. Сметаме дека ова е важно да се посочи, особено поради негативниот општествен дискурс што е присутен и големата стигматизација и дискриминација насочена кон овие групи на луѓе.

Во програмата на претседателскиот кандидат Стево Пендаровски, посветено е внимание и на заложбите за правата на Ромите, како децениски маргинализирана заедница, но без посебен осврт на правата на жената Ромка. Во останатиот дел од оваа програма, не се предвидени било какви дополнителни заложби и мерки за подобрување на положбата на жената

во општеството и унапредување на родовата еднаквост.
На крај, интересно е да се забележи и дека во претходната програма за претседателските избори (од 2020 година)

# АНЕКС: ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИ МЕРКИ И НИВНОТО СПОМЕНУВАЊЕ ВО ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРНИ ЦИКЛУСИ (2016-2024 Г.)[63]

| | **Клучни мерки/ветувања што се предмет на интерес на оваа анализа** | **СДСМ** | | | **ВМРО** | | | **ЛЕВИЦА** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **2016** | **2020** | **2024** | **2016** | **2020** | **2024** | **2016** | **2020** | **2024** |
| **Мерки за економско зајакнување** | Зголемување на достапноста на градинките | *споделено | *споделено | | | | | | | |
| | Споделено родителско (или воведување само татковско*) отсуство | ■ | ■ | | | | | | | *татковско |
| | Поддршка за жени земјоделки | ■ | ■ | ■ | | ■ | ■ | ■ | | ■ |
| | Затварање на јазот во плати | | ■ | ■ | | | ■ | ■ | | |
| | Мерки за поддршка на женско претприемништво | | ■ | ■ | ■ | | ■ | | | ■ |
| | Зголемување на породилното отсуство* | | | | | | | *од 9м на 12м | *од 9м на 12м | *од 9 на 18м |
| | Загарантирано враќање на работничката на истото работно место по завршувањето на породилното отсуство | | | | | | | ■ | ■ | ■ |
| | Флексибилно или скратено работно време за мајките-работнички | | | | | | ■ | ■ | ■ | ■ |

- се обележани полињата кај конкретните мерки и годините во кои се спомнати (што не подразбира и дека истите се исполнети)

63 Прегледот не ја вклучува коалицијата ВЛЕН бидејќи истата не беше дел од претходните изборни кругови и анализи

| | Клучни мерки/ветувања што се предмет на интерес на оваа анализа | СДСМ | | | ВМРО | | | ЛЕВИЦА | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2016 | 2020 | 2024 | 2016 | 2020 | 2024 | 2016 | 2020 | 2024 |
| **Родово базирано насилство** | Воспоставување систем за поддршка и стручен третман на жртвите на родово базирано насилство* | ■ | ■ | ■ | *семејно насилство | | *семејно и полово насилство | | *семејно и меѓуврсничко насилство | |
| | Активности поврзани со ратификување на Истанбулска конвенција и усогласување на легислатива | ■ | ■ | | | *родово-базирано насилство | | | | |
| | Зајакнување на законска регулатива поврзана со различни видови насилство | ■ | ■ | | ■ | | *семејно и полово насилство | | | |
| **Вклучување на жените во одлучувачки процеси** | Зголемување на квотите за политичко учество на жените | ■ | ■ | ■ | | ■ | | ■ | | |

| | Клучни мерки/ветувања што се предмет на интерес на оваа анализа | СДСМ | | | ВМРО | | | ЛЕВИЦА | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2016 | 2020 | 2024 | 2016 | 2020 | 2024 | 2016 | 2020 | 2024 |
| **Сексуално и репродуктивно здравје** | Измена на Законот за прекинување на бременоста во одредбите што го ограничуваат пристапот до абортус на жените во здравствените институции | ■ | | | | | | ■ | | |
| | Пакети за превентивни прегледи за рана детекција на малигни заболувања | | ■ | ■ | | | | | | |
| | Превентивни мерки (пристап до информации) за ХИВ/СИДА и други сексуално преносливи инфекции, за абортус, инфертилитет и малигни заболувања на дојка и матка (со нагласување на ранливи и социјално исклучени категории) | | | ■ | | | ■ | | | |
| **Инклузивност во образованието** | Воведување родово сензитивен јазик | ■ | ■ | ■ | | | | | | |
| | Вклучување на информации за сексуално и репродуктивно здравје во курикулумот (ССО) | ■ | ■ | ■ | | | | | | |